RAMIS
MERKO

Digitally signed by RAMIS MERKO
DN: cn=RAMIS MERKO
gn=RAMIS c=MK o=OPShTINA
STRUGA ou=OPSHTINA STRUGA
Reason: I am the author of this
document
Location:
Date: 2025-03-07 12:04+01:00

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА ДЕЛ ОД КП 1736/22, КО МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД, ОПШТИНА СТРУГА

Технички број 03-01/24

SILVANA
VANOVSKA

Digitally signed by
SILVANA VANOVSKA
Date: 2024.02.07
11:00:13 +01'00'

ФЕВРУАРИ 2024

Место:	КО Мислешево-вонград, општина Струга
Доносител:	Општина Струга
Предмет:	ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА ДЕЛ ОД КП 1736/22, КО МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД, ОПШТИНА СТРУГА
Извршител:	ЧИП ГРОУП ДООЕЛ СКОПЈЕ
Адреса:	Костурски Херои бр. 15-1/1А, П.фах 104, 1000 Скопје
Телефон:	078 312-795
e-mail:	chovekiprostor@gmail.com
Фаза:	Проектна програма
Инвеститор:	Заим Асани
Деловоден број:	09-62/2 од 07.02.2024 година
Технички број:	03-01/24
Датум на изработка:	Февруари 2024
Примерок број:	1

РАБОТЕН ТИМ:

Планер:

1. Силвана Вановска, дипл.инж.арх., планер потписник, овластување број 0.0065

Соработник:

1. Елеонора Здравковска маг.инж.арх.

Проектанти:

1. Силвана Вановска, дипл.инж.арх., овластување А бр. 1.0281
2. Елеонора Здравковска, маг.инж.арх., овластување Б бр. 1.2677

УПРАВИТЕЛ
Силвана ВАНОВСКА

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица
www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150020240031864
Датум и време: 30.1.2024 г. 10:55

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 30.01.2024 во 10:55
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6534732
Целосен назив:	Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
Кратко име:	ЧИП ГРОУП ДООЕЛ Скопје
Седиште:	КОСТУРСКИ ХЕРОИ бр.15-1/01А СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	29.10.2009 г.
Времетраење:	Неограничено
Деловен статус:	Активен
*Вид на сопственост:	Приватна
ЕДБ:	4080009506916
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	310.000,00
Уплатен дел MKD:	310.000,00
Вкупно основна главнина MKD:	310.000,00

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ids/validateDocument/4D5C546CB82C7EAD459596DECAE9F2020E40979AD7FFD55FE06A02932AC0CA90
Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	СИЛВАНА ВАНОВСКА
Адреса:	ЉУБЉАНСКА бр.6-1/30 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	310.000,00
Уплатен дел MKD:	310.000,00
Вкупен влог MKD:	310.000,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА	
Управител	
Име и презиме:	СИЛВАНА ВАНОВСКА
Адреса:	ЉУБЉАНСКА бр.6-1/30 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Овластувања:	Управител без ограничување - занимање: архитект
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	silvanavanovska@yahoo.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Број: 0805-50/150020240031864

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/4D5C546CB82C7EAD459596DECAE9F2020E40979AD7FFD55FE06A02932AC0CA90
Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

НА

Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

КОСТУРСКИ ХЕРОИ бр. 15-1/01А СКОПЈЕ- ЦЕНТАР, ЕМБС: 6534732

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **14.02.2024 година**

Број: **95**
14.02.2017 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР
Горан Сугарески

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16 и 71/16), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

НА

Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ извоз-увоз Скопје

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ул. Костурски Херои бр.15-1/01А Скопје-Центар, ЕМБС: 6534732

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **15.02.2024 година**

Број: **П.352/А**
15.02.2017 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР
Владо Мисајловски

Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 09-621/1
07.02.2024 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 61 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 32/20 и 111/23), а во врска со изработката на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на дел од КП 1736/22, КО Мислешево-вонград, општина Струга**, Друштвото за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје (Лиценца за изработка на урбанистички планови бр.95 и Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија бр.П.352/А) го издава следното:

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ И ПРОЕКТАНТИ

За изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на дел од КП 1736/22, КО Мислешево-вонград, општина Струга**, со технички број 03-01/24, како планери се назначуваат:

1. **Силвана Вановска - дипл. инж. арх. овластување бр.0.0065**

а за соработник се назначува:

1. **Елеонора Здравковска - маг.инж.арх.**

како проектанти се назначуваат:

1. **Силвана Вановска, дипл.инж.арх. овластување А бр. 1.0281**
2. **Елеонора Здравковска, маг.инж.арх., овластување Б бр. 1.2677**

Назначените лица се должни планско-проектната документација да ја изработат согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. 32/20 и 111/23), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот и градењето.

Управител
Силвана Вановска

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

СИЛВАНА ВАНОВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: 0.0065

Издадено на: 14.09.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

ОСНОВАЧ НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БРОЈ И ДАТУМ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА ИЗДАДЕНО ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

34 ОД 28. XII 1950 ГОДИНА

ДИПЛОМА

ЗА ЗАВРШЕНИ ИНТЕГРИРАНИ СТУДИИ ОД ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС

Елеонора Слободан Здравковска

(ИМЕ, СРЕДНО ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА СТУДЕНТОТ)

РОДЕН/А НА 2. VI 1990 ВО Скопје
(МЕСТО) (ОПШТИНА)

Р. Македонија
(ДРЖАВА)

ЗАВРШИЛА УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ ПО Интегрирани петгодишни студии (едниствени студии од прв и втор циклус)
(ВИД И НАЗИВ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА И НАСОКА)

ВКУПНО ЕКТС 304 КРЕДИТИ И ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА 9,00 И СЕ СТЕКНА СО СТРУЧНО ЗВАЊЕ

МАГИСТЕР ИНЖЕНЕР АРХИТЕКТ (Master of Architecture)
(СТРУЧЕН НАЗИВ ЗА МЕЃУНАРОДНА УПОТРЕБА)

СЕРИСКИ БРОЈ 04241

БРОЈ И ДАТУМ НА ДИПЛОМАТА ОД ГЛАВНАТА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ИНТЕГРИРАНИ СТУДИИ

А-116, 6.X 2014

МЕСТО И ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ДИПЛОМАТА

Скопје, 26.V 2015

ДЕКАН

Проф. д-р МИНАС БАКАЛЧЕВ

РЕКТОР

Проф. д-р ВЕЛИМИР СТОЈКОВСКИ

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020, 277/2022 и 111/2023), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
од
АРХИТЕКТУРА
на

СИЛВАНА ВАНОВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII$_1$)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи 14.01.2029 год.

Број: 1.0281

Издадено на: 15.01.2024 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Чулак
дипл.инж.арх.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ Б

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

АРХИТЕКТУРА

на

ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА

магистер инженер архитект (NQF 304 ECTS)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 09.05.2026 год.

Број: 1.2677

Издадено на: 10.05.2021 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА
ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД СТРУГА
ОПШТИНА СТРУГА

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y13118i

Скопје, ноември 2018

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА
ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД СТРУГА
ОПШТИНА СТРУГА

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Струга

Тех.бр. Y13118i

Раководител на задачата:
Лидија Петковска, дипл.инж.арх.

Координатор:
д-р Христина Оџаклиеска,
дипл.инж.зашт.жив.сред.

Раководител на сектор за просторно планирање:
д-р Душица Трпческа Анѓелковиќ, дипл.инж.арх.

Агенција за планирање на просторот
в.д. Директор:

Огнен Апостолски, дипл.инж.арх.

Скопје, ноември 2018

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД СТРУГА ОПШТИНА СТРУГА

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Р. Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/04).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со **урбанистички планови за населените места** и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај **Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Генерален урбанистички план на град Струга, Општина Струга.**

Планскиот опфат на ГУП Струга навлегува во КО Струга, КО Калишта, КО Мислешево, КО Мороишта, КО Радолишта и многу мал дел во КО Дрслајца. Во граници на планскиот опфат се планираат содржини во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Површината на планскиот опфат за која се бара издавање на услови за планирање на просторот изнесува 866,19 ha.

Површината на планскиот опфат за која се издаваат условите за планирање на просторот изнесува 856,06 ha. За останатиот дел од планскиот опфат се издадени Услови за планирање на просторот кои целосно или делумно навлегуваат во границите на планскиот опфат на ГУП Струга и тоа:

Y11512 - Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување на КП бр.1736/6, КО Мислешево, Општина Струга

Y16210i – Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на комплекс со намена Б2 – големи трговски единици, на КП 2825/17, КП 2825/13, КП 2825/12, КП 2825/11, КП 2825/10, КП 2825/3, КП 2825/7, КП 2825/14, КП 2825/5 и КП 2825/16, м.в. Попово Блато, КО Струга, Општина Струга.

Y00717 - Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со намена Г2 – лесна индустрија, на КП 2356/2, КО Мислешево вон г.р., во Општина Струга

Y00717ii - Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со намена Г2 – лесна индустрија, на КП 2356/2, КО Мислешево вон г.р., во Општина Струга

Y30716 - Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А4 – времено сместување, м.в. Пашиниште, КО Мислешево, вон г.р., Општина Струга

Y05217 - Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за вон населено место за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, Б5-хотелски комплекси и В2- здравство и социјална заштита, КО Калишта, Општина Струга

Y08117 - Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со намена Д3 – спорт и рекреација на дел од КП 3217/1 и дел од 3217/2, КО Струга Општина Струга

Y11317 Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со намена А1 – домување во станбени куќи, на КП 2006/1, КП 2011, КП 2012/1, м.в. Шубров рид, КО Мислешево вон г.р., Општина Струга

Y23709i - Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план за вон населено место за изградба на стопански комплекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, Г3 - сервиси и Г4 – стоваришта на дел од КП 1143/1, дел од КП 1559/2, КО Враништа-вгр и дел од КП 2828, КО Струга, Општина Струга

Y32014 - Услови за планирање на просторот за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат од село Мислешево до село Драслајца, Општина Струга

Y01917 - Државна урбанистичко-планска документација за изградба на придружно услужен објект на регионален пат р-1208, со намена А4-времено сместување, м.в. Крај езеро, КО Струга Општина Струга

Y10617 - Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на производен комплекс со намена Г2-лесна индустрија, на дел од КП 1283/3, м.в. Мера, КО Мороиште, Општина Струга

Y11008 – Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место, за изградба на стопански комплекс, на КП 4115, КП 4114, КП 4113/2, КО Мислешево, Општина Струга

При изработка на планската документација за Генерален урбанистички план на град Струга, Општина Струга, да се земат предвид намените во просторот за кои веќе се издадени Услови за планирање на просторот.

Низ планскиот опфат на ГУП Струга, поминуваат траси на линиски објекти за кои се издадени услови за планирање на просторот и тоа:

Y22212 - Услови за планирање на просторот за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на инфраструктурни објекти надвор од ТИРЗ “Струга” во Општина Струга

Y08808 - Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за коридор - 8 делница: К. Паланка - Куманово; Гостивар - Кичево - Подмоље - Струга - Ќафасан и Подмоље - Охрид

Y13609 - Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичко планска документација за изградба на железничка пруга од коридор 8, Кичево-граница со Р Албанија

Y10413 - Услови за планирање на просторот за изработка на Проект за инфраструктура за 400 kv интерконективен надземен вод ТС Битола-Македонско Албанска граница и трафостаница 400/110 kvОхрид

Y32107 - Услови за планирање на просторот за поставување на подземна инфраструктура за оптички кабел на градбата: полагање и монтажа на оптички кабел на релација Скопје-Ќафасан

Планскиот опфат на ГУП Струга влегува во граници на заштитната зона на аеродромот во Охрид.

Планскиот опфат влегува и во граници на просторот кој е предмет на разработка во Просторниот план на Охридско - преспанскиот регион и во граници на подрачјето кое е под заштита од UNESKO.

На 11.02.2010 година, Собранието на Република Македонија го донесе Просторниот план на Охридско - преспанскиот регион. Просторниот план на Охридско - преспанскиот регион претставува разработка на Просторниот план на Република Македонија. Во таа смисла, а поради потребата од усогласување на планските решенија, временскиот хоризонт на овој регионален просторен план е детерминиран до 2020 година.

Просторниот план е еден од основните инструменти за имплементација на принципите на одржливиот развој преку планските решенија за организација,

заштита и уредување на просторот, во услови на комплексна социополитичка и економска трансформација на општеството и нагласена грижа за заштита на животната средина. Планот претставува долгорочен, интегрален, развоен документ, кој ја дефинира просторната организација на Регионот, целите и концепциите на просторниот развој на одделни области и условите за нивна реализација.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Р Македонија, и со Просторниот план на Охридско - преспанскиот регион.

Изработката на ГУП на Град Струга Општина Струга треба да придонесе кон:

- обезбедување услови за позитивни ефекти во процесот на урбанизацијата;
- воспоставување ефикасна контрола на користењето и уредувањето на градежното земјиште;
- резервирање простори за изградба и користење на објекти или подрачја од јавен интерес;
- обезбедување и заштита на коридорите за изградба на инфраструктурата;
- реализација на условите за планиран стопански развој и економски развој не само на локално туку и на регионално и на национално ниво;
- запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- заштита на зоните на културното и природното наследство, со изградба на времени и трајни градежни објекти.

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на **повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата**, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји. Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Основни претпоставки на кои се базира стратегијата на **рамномерен развој** се следните:

- уважување на реалните фактори на развој;
- превземање стимулативни мерки од страна на државните и други фондови и други видови поддршка за програми на локалните заедници и стопанските актери.

Дел од оваа стратегија е поттикнување на соодветни програми за подобрување на квалитетот на живеење во населбите, како и стимулирање на развојот во помалите градови. **Деметрополизацијата** (селективното пренесување на одделни функции и активности, управно-административни, економски, културни и други, од републичкиот центар во други градови) зацртана во Просторниот план, не значи запирање на неговиот развој, туку неопходност за квалитативната трансформација на просторните и социо-економските структури.

Развојот на недоволно развиените, ридски, планински и погранични подрачја базира врз интегрален развој кој подразбира комбинација на фактори, како што се: природните, демографските процеси, сообраќајните и другата инфра и супраструктурна опременост.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациониte, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, особено дефицитарните и стратешки значајните за развојот и квалитетот на живеењето во Република Македонија. Основните стратешки определби во Просторниот план на Република Македонија е приоритетот во **заштита на водите од Прва и Втора класа**, од кои е предвидено да се врши водоснабдување на населените места.


Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште,** а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од **I - IV бонитетна класа** за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Исто значење му се придава на пошумувањето, обновувањето и подобрувањето на квалитетот на шумите. Неопходно е воспоставување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба.

Во заштитата на природните и културните вредности и напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на стопанските активности, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Чувствителноста на просторот на Охридско преспанскиот Регион, високата вредност на природните и создадени вредности на Регионот наметнуваат потреба во планските решенија, посебно внимание да се обрне на:


- Унапредувањето и заштитата на животната средина;
- Заштита на Охридското и Преспанското Езеро како светско природно наследство;
- Заштита на Регионот како светско културно наследство;
- Зачувување на еколошките вредности, функции и биолошкиот диверзитет во областа на Преспа Парк;
- Интегрална заштита на природната просторна целина на Националните паркови, спомениците на природата (Галичица, Пелистер, Јабланица, Охридско Езеро, Преспанско Езеро) и други категории на природни богатства.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



0 1 2 4 Km

1:50,000



Катастарска граница

Општинска граница

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учеството и влијанието на човекот во нив спаѓаат географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки и климатски карактеристики.

Предметната локација припаѓа на зона во која постојано биле присутни интензивни промени во напонската состојба на земјината кора и интензивни тектонски движења. Современата тектонска активност претставува продолжение на осцилаторните движења на поедините блокови меѓусебно поврзани, која активност и денес се чувствува низ почестата сеизмичка активност на поедини делови од ова подрачје. Долината на река Црн Дрим и Охридското Езеро со крајбрежјето се смета за еден од сеизмички најактивните региони на Балканот, а интензитетот на максимално очекуваните потреси е до 8^0МКС.

Климата во ова подрачје е **изменето умерено континентална,** модифицирана во посебна клима на локалното подрачје условена од присуството на езерото. Температурите се поконстантни со мали колебања и осцилации поради што летата се пријатни и топли со свежи ноќи, а зимите се студени но слабо изразени. Есента е значително потопла од пролетта, а релативната влажност е зголемена и преку цела година изнесува околу 74%.

Во зима ветровите се најчесто од север, а во лето од југ со максимална јачина од 12 бофори, а честотата на ветровите е: од Север 133‰ од Југ 132‰ од Северо исток 109‰ Југозапад 93‰ и Северозапад 78‰, од останатите правци е незначителна.

Просечната годишна температура во регионот изнесува 11,4^{0}C, а апсолутно минималната -20^{0}C.

Просечната годишна количина на врнежи изнесува 788,5mm, првиот снег се јавува кон 15 декември, а снежната покривка се задржува просечно 24 дена, бројот на мразни денови е 144. Просечно годишно има 4 дена со магла и 15 дена со град. Просечно годишно има 103 ведри дена, 174 облачни и 88 тмурни денови.

Податоците се од мерна станица Струга.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на дејностите.

Просторот кој е предмет на анализа припаѓа на планскиот опфат на “Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион” заради што е неопходно при изработката и реализацијата на предвидениот ГУП за Град Струга, да се почитуваат и определбите на овој Регионален план во областа на Економските основи на просторниот развој на Регионот.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Струга за кој се наменети Условите за планирање.

Развојните полови како поврзани единици во некаква "линија" ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично. Во денешно време доминантно значење имаат деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за Градот Струга се две развојни оски: "Северната" и "Јужната развојна оска". "Северната" оска се формирала по Втората светска војна во северниот и западниот дел на државата и ги поврзува градовите: Струга- Охрид- Кичево- Гостивар- Тетово- Скопје- Куманово- Крива Паланка. Оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил-Р Бугарија и на запад кон Елбасан-Р Албанија.

"Јужната развојна оска", која досега е ретко споменувана ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип - Кочани-Делчево и продолжува кон Благоевград во Р Бугарија. На запад продолжува кон Елбасан-Р Албанија. Нема големи изгледи да стане меѓународна, но внатре во земјата таа поврзува значајни полови на развој.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

Организацијата, намената и функциите на производните и услужни дејности во просторот на Охридско-преспанскиот регион треба да се темели на новиот пристап на плански развој поставен врз принципите на одржлив развој со што примарен станува квалитетот на животното опкружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси. Врз овие основи, поттикнување на економскиот и севкупен развој на Регионот, може да се оствари со селективна алокација на инвестициите, подобра сообраќајна поврзаност, со комунално опремување и изградба на објекти на општествен стандард, со даночната и кредитна политика, со политика на зголемување на инвестициите итн. Примат во планираниот развој на вкупната економија на Регионот треба да добие и разместеноста на економските дејности во насока на порамномерен развој и алокација на стопанските дејности со цел поттикнување на развојот на недоволно развиените подрачја и пограничните населени простори.

Со процесот на децентрализација забележителна е улогата на локалната власт во сферата на унапредување и поттикнување на условите за подинамичен развој на општината. Како приоритетна активност се издвојува изработката на програми за економски развој на ниво на општини со мерки и инструменти за реализација на овој План.

Со насоките и определбите за ораганизација и уредување на просторот со работна функција и алокација на производните и услужни капацитети, треба да се обезбеди економски просперитет на населението и населбите како во урбаните така и во руралните подрачја на Регионот.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економски активности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

При изработката и реализацијата на ГУП за Градот Струга, согласно Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, треба да се почитуваат предложените плански определби за заштита на животната средина и одржлив развој.

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат на Градот Струга.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Ускладување на обемот и начинот на користење на земјоделското земјиште со природните и почвените услови на соодветниот реон;
- Запирање на тенденциите на стихијна пренамена на земјоделските површини во непродуктивни, особено во приградските опкружувања и заштита на земјоделското земјиште како главен предуслов за ефикасно остварување на производните функции;
- Зголемување на економската ефикасност на аграрниот сектор и натамошно интензивирање на овоштарството со посебен акцент на јаболкопроизводството како доминантна земјоделска гранка;
- Искористување на компаративните предности на регионот и одделните микрореони за поголем степен на финализација и рестартирање на преработувачките капацитети и нивно задоволување со суровини и ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање на програмата за макро и микрореонирање на земјоделското производство за рационално искористување на природните ресурси;
- Спречување на деградацијата на педолошкиот слој и подобрување на неговите производни својства, зголемување на обработливите површини на терените каде постојат услови, како и максимално можно интензивирање на земјоделското производство;
- Иницирање на широка кампања за едукација, маркетинг и мотивација на земјоделските производители за примена на биотехнологии и еко-лошки ѓубрива.

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Големоезерскиот реон поделен на 3 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација предвидена во Член 7 во Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Шуми и шумско земјиште

Планскиот концепт на развој на шумите и шумското земјиште утврден со Просторниот план на Р. Македонија и негова разработка со Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион (ППОПР) е насочен кон задоволување и остварување на следните поставени цели:

- Одржливо користење, проширување и унапредување на шумскиот фонд;
- Поголема застапеност на лисјарските и автохтоните дрвни видови;
- Подобрување на сортиментната структура;
- Рационално и економично користење на дрвото и отпадот од дрвото;
- Проширување и стандардизирање на асортиманот на производство;
- Подобрување на условите и можностите за користење на потенцијалите на другите шумски производи;
- Збогатување и проширување на биодиверзитетот, особено фауната;
- Постигнување на одржлива и развојна рамнотежа во користењето на природните ресурси (шуми, вода, почва, биодиверзитет и сл);
- Валоризација на општокорисните-еколошките функци на шумите;
- Подобрување и унапредување на системот за заштита на шумите и сл;
- Интегрирање на аспектите на управување со антропогената ерозија и пороите во релевантните секторски политики во регионот и државата.

Проекцијата за пошумување со Просторниот план на Р. Македонија за периодот до 2020 год. се базира на постојните природни услови, во прв ред климатските, геолошките и педолошките, постојната состојба на шумите и шумското земјиште, загрозеноста на земјиштето од ерозија, загаденоста на воздухот и состојбата на животната и работната средина, како и врз база на економските состојби во државата.

Според планските предвидувања утврдени со Просторниот план на **Р Македонија**, во Регионот на **Струга** се планира пошумување во шума и вон шума на околу **1.000** ha. Врз основа на тоа се предвидува дека во Струшкиот регион во **2020** год. вкупната површина под шуми ќе изнесува **25.300** ha, дрвната маса се проценува на износ од околу **3.800.000** m^3 и вкупен годишен прираст од **59.000** m^3.

Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е строго придржување кон критериумите, принципите и проекциите за развој и унапредување на шумарството до 2020 година, дефинирани со Просторниот план на Р Македонија:

- Навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма;
- Во годишните планови и среднорочни програми за пошумување, апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации;
- Пошумување на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање;
- Пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Р Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската концептот на одржлив развој насочен кон рационално користење на водата е условен од фактот дека Р Македонија е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко Радовишко", "Охридско - Струшко", "Преспа" и "Дебарско". Оваа поделба овозможува целосно да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Градот Струга припаѓа на водостопанското подрачје "Охридско - Струшко" кое го опфаќа сливот на Охридско Езеро од македонска страна и сливот на реката Црн Дрим од истекот на Охридско Езеро до профилот на ХЕ "Глобочица".

На територијата на Р Македонија регистрирани се вкупно 4.414 извори, од кои со штедрост поголема од 100 л/сек регистрирани се 58. Во сливот на Црн Дрим со Охридско Езеро регистрирани се 7 значајни извори од кои Свети Наум достигнува капацитет и над 10 м^3/сек, Вевчанскиот е со капацитет над 1,5 м^3/сек, потоа со својата штедрост значајни се Билјанините и Летничките извори.

Присуството и издашноста на подземните зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради добриот квалитет со кој најчесто се одликуваат се значајни и може да

бидат корисни за водоснабдување, но потребно е дополнително истражување за присутноста и квалитетот на водите.

Основна цел во развојот на водостопанството, согласно Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско - преспанскиот регион (ППОПР), е континуирано обезбедување на квалитетна вода за водоснабдување на населението и прехранбената индустрија.

Градот Струга се водоснабдува од Струшкиот водоснабдителен систем, за кој се зафаќаат водите од изворите: Шум, Горна Белица, Радолишта, Радожда и Ташморуништа. На овој систем се приклучени и 21 село од Струшкиот регион.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за градот, потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно водоснабдување и заштита на водите преку:

- Оформување и одржување на заштитни зони околу изворникот кој се користи за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во заштитните зони;
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода.

Долгорочното решавање на обезбеденост со вода треба да се одвива во насока на:

- Намалување на загубите на вода во водоснабдителниот системи со рационално користење на водата, ревитализација и модернизација на системите за водоснабдување;
- Модернизација во управувањето со водоснабдителниот систем;
- Проширување на мрежата согласно со ширење на градот;
- Третирање на водата како производ кој има своја економска цена како и сите други производи;
- Обезбедување на вода во стопанските капацитети со максимално рационализирање на потрошувачката, повеќекратно искористување на водата и примена на технологии кои бараат мали количинина вода;
- Спречување парцијални решенија кои ќе го отежнуваат или оневозможуваат развојот на нови водостопански решенија.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е **заштита на површинските и подземните води.** За таа цел потребно е да се спроведува принципот на “заштита на квалитетот на водите на самите извориштa на загадување” преку изградба и прифаќање на отпадните води во сепарациски канализациски систем.

Од 1988 год. во функција е колекторскиот систем за заштита на Охридско Езеро од комунални отпадни води. Се предвидува овој систем да ги опфати населените места на крајбрежјето на Охридското Езеро. Во планскиот период предвидено е доградба на примарниот колектор и проширување на капацитетот на пречистителната станица од 120.000 на 180.000 ЕЖ. Отпадните води од градот Струга се прифаќаат во колекторскиот систем за заштита на Охридско Езеро.

Доколку во границите на планскиот опфат на градот постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализациската мрежа во градот, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализациската мрежа.

Заради значењето и важноста на Охридското Езеро како споменик на природата, секој субјект во сливот на Езерото е должен да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат негативни ефекти и ризици за човековото здравје и за животната средина. При изработката на урбанистичко планската документација за Градот потребно е да се обезбеди заштитен појас покрај Езерото согласно позитивната законска регулатива.

Реката Црн Дрим која минува низ Градот е регулирана што овозможува голем степен на заштита од поплави во градот и во Струшко Поле. Реката Сатеска со наносите што ги носи предизвикува загадување на Охридското Езеро и опасност од големи води во Струшко Поле.

Во изминатиот период праксата покажа дека превземените антиерозивни мерки во сливот на р. Сатеска не се доволни за спречување на внес на големи количини нанос во Охридското Езеро. За да се елиминира оваа појава потребно е уредување на ерозивните површини и порои во сливот на р. Сатеска, односно потребно е пренасочување на Сатеска кон Црн Дрим и изградба на 8 мали акумулации во сливот на Сатеска, првенствено во зоните на жариштата на ерозивните процеси: Песочани, Годивје, Сливово, Мраморец, Издеглавје, Злести, Лешани и Арбиново.

За **наводнување** на обработливите површини во В.П “Охридско Струшко” изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 4002 ha, а за планскиот период до 2020 год. се предвидува проширување за нови 11250 ha. Сегашни изворници за наводнување се Охридско Езеро, реките Црн Дрим и реката Сатеска.

При изработка на планската документација површините за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштитата на земјоделското земјиште и ограничување на неговата трансформација во градежно земјиште.

Планскиот опфат на градот Струга зафаќа дел од каналите за одводнување на Струшко Поле. При изработката на планската документација да се предвидат мерки за зачувување на водостопанските објеки и да се обезбеди заштитен појас согласно Законот за води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Р Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Р.Македонија над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрување на енергетската ефикасност. Европската регулатива “Европа 2020” за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој.

Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Р Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово - Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Во планскиот опфат на ГУП Струга, Општина Струга лоцирани се постојните трафостаници: ТС Струга 110kV и ТС Струга 35kV а минуваат и припадните преносни и дистрибутивни далноводи заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува “Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроеенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV”.

***Гасовод* - Природниот гас**, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Р Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово - Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија – Романија – Бугарија - Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Р Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Р Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изградат делницата-7 Кичево - Охрид и делницата-17 Охрид-Струга -Ќафасан со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на планираниот гасовод од делница-7 и делница-17 сеуште не се точно утврдени.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекс на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на анализа за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста на населението, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да

придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач-креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Менувањето на сегашните однесувања на обновување на населението и потребата од создавање модел на современо семејство со просечен број од околу 2,2 деца, претставува долгорочен и сложен процес на усогласување на личните и заеднички потреби и интереси на граѓаните.

Како демографска рамка на вкупната расположива понуда на работната сила, населението е значајна категорија која треба да се има предвид при апроксимација на потенцијалните работни ресурси. Од обемот и интензитетот на приливот на новите генерации зависи и потребата од поголем степен на активирање на работоспособни лица.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, во општината Струга регистрирани се вкупно 63.376 жители од кои околу 42,60% ја сочинуваат расположивата работна сила, категорија посебно значајна за развојот на стопанските активности во ова подрачје.

Урбанизација и мрежа на населби

Основните цели во развојот на процесот на **урбанизација и оформувањето на мрежата** на населени места се однесуваат на:

- создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- децентрализиран, рамномерно територијално распределен развој со вклучување на принципите на полицентричност и хиерархичност;
- усогласување на динамиката на процесот на просторната прераспределба на населението со динамиката на стопанскиот развој;
- намален интензитет на популациска концентрација во урбаните населби и повисок степен на усогласеност со динамиката на стопанскиот развој на државата;
- зголемување на степенот на екипираност на општинските центри со функции и дејности од доменот на јавните функции, услугите и инфраструктурата;
- стимулирање на развојот на недоволно развиените и депопулираните подрачја;
- рамномерен и воедначен просторен развој на населените места;
- оптимална функционална екипираност усогласена со идните потреби на корисниците;

- развој и екипирање на градските населби согласно предвиденото место и улога во системот на централните населби;
- развој на населби кои би имале непосредно стимулативно влијание врз економскиот и демографскиот подем на пограничните и недоволно развиените простори;
- ефикасно и рационално меѓусебно комуникациско поврзување на системот на центри посебно помеѓу соседните градови и регионални центри;
- интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните градски центри со координирано, заедничко организирање на активностите.

Концептот на просторниот развој на Република Македонија темелен врз принципите и развојните цели на урбанизацијата непосредно ја дефинира структурата и основните атрибути на мрежата на централните населби. Согласно претходно утврдената хиерархиска структура и положба во просторот, дефинирана е содржина на функции и активности, насоки и интензитет на меѓусебната поврзаност во мрежата на централните населби.

На територијата на Република Македонија, и во рамки на за таа цел дефинираните просторни сегменти, мрежата на централните населби се очекува да биде составена од следните нивоа:

- центар на државата - центар на државно ниво со меѓународно влијание;
- центар на макрорегион - центар на макрорегионално-надрегионално ниво;
- центар на мезорегион - центар на средно-регионално ниво;
- **центар на микрорегион - центар на субрегионално ниво.**

Согласно хиерархиската мрежа на населби и дефинираниот централитет во ППРМ, градот Струга, спаѓа во категоријата на центри на микрорегион, со популациска големина под 30.000 жители,со застапеност на јавни функции, функции на општествен стандард и услуги, засатапеност на производни стопански капацитети со гравитациско влијание на најмалку две општини.

Определбите на Просторниот план на Р Македонија од аспект на урбанизација се однесуваат на:

- **дестимулација на проширувањето на градското градежно земјиште, а преку воведување на посебни мерки стимулирање на порационално и поефикасно искористување на постојната ангажирана површина;**
- **стимулирање на изградба во постојните граници на градското градежно земјиште, преку примена на еколошки и економски мерки и планерски нормативи и стандарди;**
- респектирање и обновување на идентитетот на градските населби и квалитативно подобрување на условите за живеење и работа преку: оптимализација на густините во станбените и работните зони, респектирање на постојната урбанистичко-архитектонска матрица, интерполирање на неопходни содржини кои не се во колизија со основните функции, екипирање со елементи на комуналната инфраструктура, зголемување на зелените површини и елиминирање на колизионите фактори.

Организацијата на територијата на Републиката на просторно-функционални единици има за цел да овозможи:

- рационална организација и оптимална усогласеност на јавните функции со потребите и интересите на локалната самоуправа;
- рационализација на процесот на управувањето;
- ефикасно задоволување на секојдневните потреби на населението;
- ефикасно планирање и реализација на активностите, усогласување и координација на програмите на локално ниво.

На територијата на Републиката, во рамките на концептот на просторно-функционалното разграничување, определени се вкупно 15 функционални единици со ист број функционални центри. Центрите на просторно-функционалните единици претставуваат населби со различен степен на централитет и број на жители во опфатот.

Просторно-функционални единици - 2020 год.

Ред. бр.	Просторно-функционална единица	Жители	Уч. во вк.%
1.	СКОПЈЕ: Центар, Карпош, Г. Баба, К. Вода, Чаир, Ѓ. Петров, Сарај, Чучер-Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Студеничани, Зелениково, Ш. Оризари, Сопиште, Кондово	614.400	27.6
2..	БИТОЛА: Битола, Ресен, Д. Хисар, Сопотница, Добрушево, Старавина, Бач, Кукуречани, Цапари, Могила, Новаци, Бистрица	155.300	7.0
3.	ВЕЛЕС: Велес, Градско, Извор, Богомила, Чашка	76.200	3.4
4.	ГЕВГЕЛИЈА: Богданци, Валандово, Стар Дојран, Миравци	54.300	2.4
5.	ГОСТИВАР: Гостивар, Маврови Анови, Србиново, Вруток, Долна Бањица, Чегране, Врапчиште, Полошко	113.800	5.1
6.	КАВАДАРЦИ: Кавадарци, Демир Капија, Росоман, Конопиште	**73.200**	**3.3**
7.	**КИЧЕВО: Кичево, М. Брод, Пласница, Самоков, Осломеј, Другово, Зајас, Вранештица**	93.400	4.2
8.	КОЧАНИ: Кочани, Делчево, Виница, Македонска Каменица, Зрновци, Блатец, Оризари, Облешево, Чешиново	97.900	4.4
9.	КУМАНОВО: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Орашац, Липково, С. Нагоричане, Клечевце, Ранковце	186.900	8.5
10.	**ОХРИД: Охрид, Струга, Косел, Белчишта, Мешеишта, Делогожди, Велешта, Вевчани, Лабуништа, Луково**	**174.300**	**7.8**
11.	ПРИЛЕП: Прилеп, Крушево, Витолиште, Тополчани, Долнени, Кривогаштани, Житоше	119.200	5.4
12.	СТРУМИЦА: Струмица, Берово, Пехчево, Ново Село, Муртино, Босилово, Куклиш, Василево; Радовиш, Подареш, Конче	144.600	6.5
13.	ТЕТОВО: Тетово, Боговиње, Камењане, Брвеница, Желино, Шипковица, Џепчиште, Јегуновце, Теарце, Вратница	203.000	9.1
14.	ШТИП: Штип, С. Николе, Пробиштип, Злетово, Карбинци, Лозово	116.650	5.2
15.	ДЕБАР: Дебар, Ростуше, Центар Жупа	18.870	0.8

Домување

Во Просторниот план на Р Макединија, функцијата **домување** е детерминирано како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и

опш-тествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- обезбедување стан за секое семејство;
- подигнување на стандардот на домување во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување;
- асеизмичка градба на станови;
- замена на субстандардните станови со нови;
- обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигнување на квалитетот на станбениот фонд;
- организирање на становите како хумани простори со соодветни придружни објекти за деца и возрасни;
- постигнување порамномерна станбена изградба;
- либерализација на станбениот пазар;
- изградба на социјални станови;
- обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување на поволни кредитни услови за станбена изградба.

При проекција на потребниот станбен фонд за потребите на **Генералниот урбанистички план на Град Струга, Општина Струга,** треба да се обрне внимание особено на:

- потребата за нов станбен фонд по основ на порастот на бројот на жителите и намалување на просечниот број членови на домаќинства;
- потребата за замена на субстандардниот станбен фонд;
- потребите кои произлегуваат од станбениот стандард и културата на домувањето и друго.

Основна определба во политиката на станбената изградба во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.

Проекцијата на потребниот станбен простор во планскиот период треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20 - 25 m^2/жител станбена површина, 40-80 m^2/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Врз основа на предвидените демографски показатели кои се однесуваат на порастот на бројот на домаќинства во планскиот период, намалување на просечната големина на домаќинствата, механичкиот прилив и другите параметри кои треба да се задоволат, во Просторниот план е дадена проекција на станбените потреби за сите општини во Републиката.

	Општина Струга
станбен суфицит	4349
станови кои се задржуваат	17388
субстандардни станови	1446

домаќинства во 2020г	16428
нови станови по основ пораст на население	1943
нови станови по основ отклонување на дефицит	0
вкупно нови станови во 2020г	3389
вкупно станови во 2020г	**20777**

* Проекција на станбените потреби до 2020год согласно ППОПР

Иако овие податоци се презентирани за **Општина Струга**, тие може да се користат како ориентациона рамка за потребите на ГУП - от, односно на ниво на градот Струга.

Во експертните елаборати кои се составен дел на ППРМ е евидентиран значителен обем на бесправна градба на територијата од Републиката.

Бесправната градба предизвикува бројни последици во просторот меѓу кои најмаркантни се:

- узурпација на земјоделските површини,
- уништување и деградација на природните вредности,
- изградба на објекти на површини од јавен интерес,
- создавање на нехигиенски населби,
- концентрација на населението без социјална инфраструктура,
- изградба на многу недовршени објекти.

За сузбивање на бесправната градба донесена е соодветна законска регулатива со што се уредуваат условите, начинот и постапката за евидентирање, утврдување на правен статус и третман на бесправно изградените објекти: Закон за постапување со бесправно изградени објекти (“Службен весник на РМ” бр.23/11), Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Службен весник на РМ” бр. 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14,199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17), како и стандардите според кои се вклопуваат бесправните објекти во урбанистичко планската документација, утврдени со Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Службен весник на РМ” бр.56/11).

Јавни функции

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга.

Целите за развој на јавните функции по дејности се следни:

Основно образование:

- по можност во секое населено место да има основни училишта или во непосредна околина, со организиран превоз со училишни автобуси;
- изградба на нови и реконструкција на стари училишни објекти во согласност со современите педагошки и хигиенски барања како и

обезбедување оптимален училишен простор според современите стандарди и нормативи;
- целосна опафатеност на децата на возраст од 7-14 год во училиштата.

Средно образование:

- обезбедување целосен опфат на младината од средно училишна возраст;
- перманентно обезбедување на материјална подлога во смисол на развивање на порамномерна мрежа на средни училишта достапни за поголемиот број на населени места;
- изградба и реконструкција на објекти согласно современите педагошки и хигиенски барања и обезбедување оптимален училишен простор според современите стандарди и наведените цели (за објектот и дворното место);
- усогласување на програмските содржини со потребите на стопанството и нестопанските дејности, засновани на современата педагошка наука и практика со нагласена општо - образовна и воспитна димензија.

Високо образование

- капацитетите на високо-училишните установи и нивната просторна разместеност дефинирани се со постојните објекти и комплекси, а профилите ќе се редифинираат согласно потребите на стопанството и нестопанските дејности, во таа смисла што насочувањето треба да се одвива во правец на обезбедување на високо-стручни кадри за насочени области и гранки на развојот;
- усогласување на развојот на високо-училишните институции со очекуваната забрзана социјална, економска, културна и друга развојна тенденција на населението.

Образование за возрасни

- перманентно стручно образование на возрасните, усовршување, квалификација и специјализација на кадрите;
- оспособување, усовршување, преквалификација на работниците.

Здравство:

- порамномерен развој и намалување на разликите на развиеност на основната здравствена заштита помеѓу урбаната градска и руралната средина;
- подобрување на просторната организација на здравствените служби (функции, капацитети, елементи) во смисол на интегрираност и рационалност во задоволување на потребите на населението;
- зголемување на фондот на постели и подобрување на структурата на здравствените работници.

Социјална заштита:

- понатамошен се порамномерен развој на организациите за социјална заштита и организациите за згрижување и воспитание на децата и нивно поттикнување, од кои дел, во пазарните услови на стопанисување, ќе

може да се формираат и како приватни институции согласно потребите на населението;
- поразвиени капацитети и мрежа на детски установи (јасли, комбинирани детски установи и сл.) ;
- опфатеност на децата на предучилишна возраст до 70% во предучилишни установи, со целодневно или полудневно боравење.
- за заштита на здравјето на старите лица да се организираат специфични видови на заштита (сместување, исхрана, домашна нега и други лекувања, патронажни посети и сл.).

Култура:

- очекуваниот динамичен развој произлегува од основните социо-економски трансформации, при што во услови на пазарниот начин на стопанисување треба да се овозможат значително поголеми можности на барање на повисоки форми на културно живеење;
- во планскиот период, акцент треба да се даде врз забрзаниот културен развој на населените места вон градовите, посебно во новоформираните центри на новите општини.

Физичка култура:

- обезбедување на простори, капацитети и објекти од областа на физичката култура и нивна рамномерна и рационална просторна разместеност;
- проширување на мрежата на објекти на ниво на градот, во установите за дневен престој и училиштата, согласно оптималните стандарди од оваа област.

Во рамките на планирана мрежа на јавните служби во Струга Општина Струга, покрај економските показатели, неопходно е да се вклучат и соодветни показатели на достапноста на услугите за граѓаните, како што се:
- сообраќајна достапност, информатичка достапност (телефон, телефакс и сл.) со можност за дневни контакти на поголеми дистанци како една од причините за урбаната концентрација, развој на комплементарни содржини за одделни дејности (домови, пансиони, стационари, кујни и сл.) и усогласено работно време на одделни јавни дејности според потребите на граѓаните;
- утврдување на обврзувачки стандарди и норми за одделни јавни дејности, со цел да се обезбедат обврзувачки, минимални услови за задоволување на потребите.

Препораката за организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционални и други промени кои се во тек.

Согласно хиерархиската мрежа на населби и дефинираниот централитет во ППРМ, градот Кичево е категоризиран како **општински центар и центар на микрорегион** со популациска големина под 30.000 жители. Ваквата позиција на Кичево во системот на населби во Републиката ги предвидува следното ниво на јавни функции:

Образование:

- основно (деветолетка), кое е задолжително за сите населби;
- задолжително средно образование за општинските центри и по потреба во некоја од руралните општински центри;
- високо образование може да се предвиди доколку постојат економски оправданости и интерес на заедницата, за што би тебало да се направат дополнителни истражувања;
- организирање на комплементарни функции, а тоа се ученички и студентски домови кои не се задолжителни, но се пожелни, доколку постои интерес и економска основа за нивно организирање.

Здравствена заштита:

- од примарна здравствена заштита задолжителни се здравтвени станици и мобилна здравствена служба, здравствен дом, медицински центар, и аптеките како комплементарни служби;
- од секундарната здравствена заштита задолжителни се општите болници, и ако постои интерес и економска основа може да се предвидат и специјални болници и центри за рехабилитација.

Култура:

- библиотеки, музеи, архиви, дом на култура, центри на култура, галерии и изложбени простори, сценско-музички дејности ;
- сите горе наведени, може да се организираат како потреби на општинскиот центар.

Физичка култура:

- различни отворени, уредени простори, погодни за организирање на разни спортски активности, со минимални барања за одржување;
- отворени, уредени простори погодни за различни видови на спортски активности опремени со уредени санитарни простори и со соодветен режим на користење;
- покриени објекти за спорт и рекреација со соодветни санитарни уреди и режим на одржување и користење (базени, тениски игралишта, вежбалници и сали за гимнастика), доколку постои интерес и економски основ;
- доколку постои интерес и економска основа во градот Струга, како седиште на општина и центар на микрорегион, може да се организираат и помали спортско - рекреативни центри со мултинаменски карактер, па дури и такви кои ќе задоволуваат стандарди за сојузни и меѓународни натпревари.

Основни нормативи и стандарди кои треба да се почитуваат при предвидување на јавните функции во градот Струга се:

За образование:

- за одредување на површината на училишниот објект потребно е минимум 7 m^2 по ученик и минимум 20 m^2 по ученик за комплексот на училиштето;

- за одредување на површината на училишниот објект за средно образование потребно е минимум 8 – 10 m^2 по ученик и минимум 25 m^2 по ученик за комплексот на училиштето;
- за одредување на површината на објектот за високо образование потребно е минимум 8 – 10 m^2 по студент и минимум 30 m^2 по студент за комплексот.

За здравство:

- гравитациско подрачје на здравствените станици и мобилна здравствена служба да е до 1000 m. Во однос на бројот на лекари потребно е да се обезбедат на 1000 жители просечно 2 лекари;
  да се обезбеди мин. 6 лежаи на 1000 жители; мин. 8m^2 по болнички лежај од површината на објектот и мин 80 m^2 по лежај на парцелата за здравствениот објект (болници).

За социјална заштита:

- за објектите од социјален карактер (за деца без родители и за стари лица) се планираат по 3 места / 1000 жители со мин. 15 m^2 на површина на објектот по корисник и мин 30 m^2 на комплексот по корисник;
- за организации за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се планираат по 9 m^2 /дете од бруто површина на објектот. Од површината на парцелата се планира по мин 30 m^2 по корисник за детски јасли и 35 m^2 по корисник за детска градинка.

За култура:

- за библиотеките се планира мин. 100 m^2 / 1000 жители. За театрите на 1000 жители се планираат 20 места, односно треба да се обезбедат по 7 m^2 за едно место од објектот. За кино на 1000 жители се предвидува 50 места: односно се предвидува мин 3 m^2 по гледач.

За физичка култура:

- за објектите од спорт и рекреација се предвидува мин 2 m^2 по жител за игралишта за деца и 2 m^2 по жител за спортски терени, од површината на парцелата.

Индустрија

Согласно планските определби на Просторниот план на Република Македонија, развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор и движечка сила за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на производните дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Во економската развојна структура на Регионот и поодделните општини, индустријата е еден од клучните сегменти кој треба да биде насочен кон модернизација, висока технологија и поврзаност со другите области од

економијата. Од аспект на просторното уредување во наредниот плански период неопходни се организациски и структурни промени насочени кон воспоставување поголема рационалност во користењето на расположивиот простор за стопанска намена, набавка на модерна технологија, воведување на ефективна организација и раководење, освојување нови пазари и протежирање на незагадувачки индустрии со компаративни предности во Регионот: природни ресурси, положба, инфраструктурна опременост, способни работници, пазар, капитал и традиција кои се препознатливи во вкупната физиономија на подрачјето.

Намалувањето или елиминирањето на негативните влијанија на индустријата врз животната средина подразбира развој на нови процеси и технологија на производство и модификација на еколошките перформанси на готовите производи. Расположивите показатели за развојот и разместеноста на индустриските капацитети во Регионот кој се карактеризира со богата хидрографија на сливно подрачје и обележје на туристички простор со национално и меѓународно значење, упатуваат на потребата за воспоставување превентивен пристап во заштитата на животната средина, особено поголем степен на заштита на квалитетот на водите во Регионот. Превенцијата ќе биде насочена на изборот за видот на индустрискиот капацитет согласно законската регулатива за влијанијата врз животната средина и воведување перманентен мониторинг за еколошките влијанија на постојните производно-технолошки процеси на индустриските капацитети лоцирани во Регионот.

Во наредниот плански период индустрискиот развој се насочува кон градба на мали и средни капацитети кои имаат висока флексибилност, овозможуваат повеќенаменско користење на технологијата, производни искуства и знаења, даваат голем придинес во вработувањето, односно решавањето на технолошките вишоци, имаат помали трошоци на работење, а со тоа поголема конкурентност на производите.

Врз овие основи за наредниот плански период се предвидува развој на индустриски дејности со воспоставување на постојан мониторинг за влијанијата врз животната средина и преземање на превентивни мерки за спречување на потенцијалниот ризик.

Развојот на индустријата се очекува да биде застапен во сите општини, да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор, што ќе влијае врз зголемување на вработувањето на расположивата работна сила, подобрување на условите за живеење и повисок стндард на граѓаните во Регионот.

Врз овие основи, во наредниот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Во услови на пазарна алокација на инвестициите, менаџерските одлуки имаат решавачко значење во одредувањето на потребите и можностите за заокружување или за дисперзијата на постојните капацитети, но и за изградба на нови. Додека државата со плански и организиран начин на ширење на инфраструктурата и на други услови за локација на производни капацитети во просторот околу градовите и општо во поширокиот рурален простор,

обезбедува основи врз кои може да се очекува во периодот до 2020 г. во Регионот да се остварува дисперзија на индустријата.

Според направената валоризација за потребата да се обезбеди простор за сместување и алокација на стопански капацитети со производна и комплементарна дејност, како определба со овој концепт се предлага следната структура на идната просторна дистрибуција на стопанските, односно индустриските капацитети:

- Алокација на индустриските објекти во рамки на постојните и идни простори предвидени со планска урбанистичка документација (генерални урбанистички планови, урбанистички планови за населени места, урбанистички планови за стопански комплекси вон населени места итн.);
- Дистрибуција на стопанските активности, пред сé индустриските и на нив комплементарните со проширување на постојните индустриски зони или **оформување на нови простори за стопанска намена со помали површини за локација на дисперзирани погони или мали стопански комплекси.** Во **Општина Струга** локации со ваква намена се планираат на атарот на населеното место Мешеишта и Издеглавје и на подрачјето на атарите на селата Радолишта, Делогожди и Луково.

Општиот став во однос на планирањето на потребните површини за индустрија и сервиси е дека треба да се уважува постојната просторно-планска документација со која веќе се резервирани површини за индустрија и услуги. При утврдувањето на идните нови површини со стопанска намена, со урбанистичката документација од пониско ниво, треба да се земат во предвид и сите останати чинители кои ја условуваат локацијата на индустријата и сервисите како што се зоните за заштита, заштитата на природните вредности, развиеноста и снабденоста со инфраструктура, поединечните и општи интереси на инвеститорот, развојните стопански програми на градовите и општините и сл.

Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупното стопанство има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на “одржлив” развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој .

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-852** кој се поклопува со дел од магистралниот пат М-4: (АЛ - Ќафа Сан - Струга - Требеништа - Е-65) - Дел од коридорот за патен сообраќај во насока запад-исток
- **М-4** - (АЛ - ГП Ќафасан - Струга - Кичево - Скопје - Миладиновци - М-1).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А2** - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар-Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција)
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија)
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција)

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија.

Релевантните регионални патни правци за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегуваат во групата на **регионални патишта "Р1"** и **"Р2"** и се со ознака:

- **Р1201** – (Струга-врска со А2 -Дебар-врска со Р-1202);
- **Р1208** - (Охрид-врска со Р1301-Подмоље-врска со А3-Струга-Радожда);
- **Р-2243** - (Струга-врска со Р1201- Дрслајци-Долно Татеши-Мислодежда-Локов-Буринец-врска со Р1201).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на

меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

1. Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:
   - СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ..... 213,5 km
   - СР - Блаце-Скопје..... 31,7 km
   - ГР -Кременица-Битола-Велес..... 145,6 km
   - БГ -Крива Паланка-Куманово ..... 84,7 km
   - АЛ-Струга-Кичево-Скопје ..... 143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) железничката мрежа релевантна за предметниот простор е во групата на магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- **АЛ-Струга-Кичево-Скопје 143,0 km**.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

При планирање на локацијата да се почитува **Законот за железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија" број 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18) и **Законот за сигурност во железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија" број 48/10 и 23/11 и 53/11, 158/11 и 137/13 и 163/13 и 42/14 и 166/14, 147/15, 193/15, 31/16, 52/16, 63/16, 71/16, 35/18 и 64/18).

Воздушен сообраќај:Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, **Охрид**, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во

Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Предметната локација се наоѓа во заштитната зона **на аеродромот "Св. Апостол Павле" во Охрид.**

При изработка на планската документација од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Р.Македонија се М-Телеком, ОНЕ.ВИП и Лајкамобајл. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион, покриени е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.

Кабелска електронска комуникациска мрежа - се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни

дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД “Македонски Телекомуникации” и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Струга.

Низ планскиот опфат на ГУП Струга, Општина Струга минува трасата на оптичкиот кабел Кичево – Струга - Охрид заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа до крајот на 2020 година треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од “пасивниот” пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на **одржливиот развој**. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг

временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

За **реализација на системот на заштита на животната средина** при изработката на **Генерален урбанистички план за град Струга, Општина Струга** потребно е да се почитуваат следните цели:

- Утврдување на програмски индикатори и мониторинг за следење на здравствената состојба на населението во релација со квалитетот на животната средина;
- Создавање на инфраструктура којашто сеопфатно ќе ги поврзе загадувачите, субјектите на контрола и мониторинг, како и институциите во коишто се планира развојот, во законски определени рамки;
- Заштеда на енергијата преку производство на топлинска и електрична енергија од отпадните гасови од индустриски капацитети, користење на биогас и рециклирање како заштеда на суровини, природни ресурси и енергија, заштеда на водни ресурси преку глобално управување со водостопанските системи;
- Основа за управувањето со животната средина да биде сеопфатен мониторинг, воспоставување стандарди и мерки за заштита во зависност од капацитетот на подрачјето, усогласено со постојната законска регулатива.

Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата и т.н.

Одредби за спроведување на Просторниот план на Република Македонија кои треба да се почитуваат при изработката на **Генерален урбанистички план за град Струга, Општина Струга се**:

- Воспоставување и одржување на Катастар за животната средина;
- Интегрирано спречување и контрола на загадувањето во индустрискиот и енергетскиот сектор и зголемување на ефикасноста на системите за пречистување кај евидентираните загадувачи преку издавање на интегрирани еколошки дозволи;
- Управување со загадување од сообраќајот;
- Подобрување на квалитетот на површинските води со задолжителна изградба на станици за предтретман на индустриските отпадни води;
- Заштита на изворишта, бунарите и подземните води како потенцијал за водоснабдување со утврдување на заштитни зони;
- Рекултивација на деградирани површини, депонии за комунален цврст отпад и “диви” депонии во регионот;
- Заштита на шумите во подрачјата покрај урбаните зони.

Согласно Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, на подрачјето не се воспоставени мерни места за следење на квалитетот на воздухот, што ја отежнува проценката на реалната состојба и истовремено ја наметнува потребата од интегрирање компонентата на управување со квалитетот на воздухот во урбанистичкото планирање. Со цел да се одржи

квалитетот на воздухот се препорачува навремено превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни загадувачи во воздухот согласно постојната законска регулатива.

Процесот на еутрофикација предизвикан од директната емисија на отпадни води во Охридското Езеро, како и од вливот на загадените притоки во него, може значително да влијае врз вкупната рамнотежа и видовите на застапена флора и фауна во езерото. Создадените отпадни води треба да бидат приклучени на колекторот за заштита на Охридското Езеро, но доколку не постојат услови за приклучување на колекторскиот систем да се **предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води**, имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повеќекратно искористување за истата или друга намена и задолжително испитување на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.

На просторот на Охридско-Преспанскиот регион, влијанието на бучавата врз луѓето и биодиверзитетот е се поизразено, поради големата концентрација на низа активности во функција на туризмот кои продуцираат интензивна бучава. Од тие причини, во периодот на градба и во периодот на експлоатација да се посвети поголемо внимание на запазување на пропишаните гранични вредности на нивоата на бучава.

При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и подземните води. Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите и деградација на биодиверзитетот и одржување на крајбрежната вегетација во околина на предметната локација со цел заштита од ерозивен нанос.

Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување со отпадот** по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на **рециклирање**, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

Отпадните материи кои ќе се создаваат на предметната локација да се одложат на постојната депонија се до изградба на предвидената регионална депонија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природното наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, Генералниот урбанистички план за град Струга треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се

организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата (“Службен весник на РМ”, број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија” број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Во Охридско-Преспанскиот регион, покрај постојните 19, со Републички акт, односно решение, заштитени објекти, предвидени (предложени) се и 25 нови простори кои според своите карактеристики и природни вредности треба да се стават под соодветен режим на заштита.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија просторот кој е предмет на разработка на Генерален урбанистички план за град Струга, Општина Струга, е во непосредна близина односно на самото крајбрежје на заштитениот споменик на природата Охридско Езеро:

ОХРИДСКО ЕЗЕРО СП (Споменик на природата - заштитен)

Во Охридското Езеро заради географската изолираност и поволните хидрографски услови, зачувани се и во него живеат околу 146 видови ендемични организми. Еден дел од нив претставуваат живи фосили речиси неизменети од времето на терциер наваму - ендемскиот сунѓер, реликтните видови полжави (над 27) од кои 86% се ендемични, неколкуте реликтни видови глисти, охридската пастрмка (*Salmo letnica*), белвицата (*Acantolingua ochridana*) и други видови риби со ендемски карактер како и поголем број реликтни видови алги меѓу кои најбројни се дијатомеите. Заради ваквото богатство со природни вредности, Охридското Езеро во 1979 година е внесено во Списокот на светското наследство како природно добро, а во 1980 година поради значајните

културно-историски вредности во поширокиот простор тоа е номинарано и како Охридско природно и културно - историско подрачје. Површината на езерото изнесува 23000 ha.
Важи за еден од најзначајните туристички знаменитости во Македонија и со културно историско значење од светски размери; научно-истражувачки зоолошки објект и со посебни геоморфолошки и хидролошки вредности; објект со многустрана биолошка намена; биотоп на слатководна фауна и орнитофауна.
Присутни негативни појави од антропогени дејствија: диви депонии, дивоградби, насипување на делови од крајбрежјето со градежен шут. опасност од загадување на изворите кај Св. Наум од постојната сообраќајница. Треба да се преземат ригорозни мерки за спречување на присутнате деградации.
Според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN) има м*еѓународен статус*: III и *режим на заштита*: 2, 4, 5 и 7.

Заштитна категорија према Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN):

Меѓународен статус: IUCN III - Споменици на природата

Овие категории обично содржат една или повеќе специфични природни обележја со извонредно национално значење, кои поради единственоста и реткоста, мораат да бидат заштитени. Овие специфични карактеристики за да бидат идеално заштитени треба да бидат ослободени од нарушувањата создадени со човечките активности или тие активности треба да бидат сведени на најмала можна мера, т.е. не треба да постои евиденција на такви активности. Овие области не се по големина одредени доколку содржат различност на карактеристики или репрезентативни екосистеми кои ќе ги оправдаат нивните вклучувања како национален парк. Големината не е значаен фактор, овие области треба само да бидат доволно големи за да го заштитат интегритетот на положбата. Иако оваа категорија може да има рекреативна и туристичка вредност, треба да биде управувана така, за да биде релативно ослободена од човековото вознемирување.

Овие области може да ги поседуваат или управуваат две централи или други државни владини агенции или организации толку долго колку е потребно да се осигура дека ќе бидат уредени кон заштита на нивните важни карактеристики за подолг период.

Режими на заштита согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на Република Македонија (2004 година) - Студија за заштита на природното наследство:

РЗ 2: Режим на заштита за подрачја со значајни површински геоморфолошки карактеристики

Ограничувања:

Во подрачјата со значајни површински геоморфолошки карактеристики и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- изведување на земјени работи (откопување и засипување на теренот);
- изградба на нови содржини (објекти за домување, инфраструктурни објекти и друго);
- стопанско искористување на природните богатства кои се предмет на заштита;
- поставување табли (рекламни или др.), знамиња или светлосни натписи;

- сокривање или нарушување на поважните видици на спомениkот со нови градби, огради, антени, жичани водови и т.н. на потесното подрачје на спомениkот;
- неорганизирано изведување на екскурзии и спортови (качување по карпести обелисци и др.).

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- уредување на подрачјето за посетители (изградба на сообраќајна инфраструктура, одмаралишта, видиковци, поставување на инфо-табли и друго);
- отстранувањето на вегетацијата што го запираат видикот кон подрачјето (кастрење дрвја и грмушки во околина на подрачјето);
- земање на примероци од природните богатства за научно-истражувачки и воспитно-образовни цели.

Забелешка:

За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

РЗ 4: Режим на заштита за хидролошки значајни подрачја

Ограничувања:

Во хидролошки значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- загадување на водата (директно испуштање на канализациска, технолошка и атмосферска отпадна вода);
- искористување на хидроенергетскиот потенцијал на водата (изградба на брани, вештачки езера, хидроенергетски објекти и друго);
- менување на природната температура на водата (употреба на водата за ладење на енергетски или индустриски објекти);
- менување на составот на водата (промена на pH, количеството на органски или неоргански материи);
- менување на водниот режим (времено или континуирано одземање или додавање вода);
- поголеми регулациски градежни работи (промена на насоката, обликот или длабочината на коритото, градење на прагови, утврдување на бреговите со зидани или бетонски насипи, градење на водени пречки и т.н.);
- изградба на нови содржини (објекти за домување, инфраструктурни објекти и друго);
- да се ограничи пристапот до водата доколку тоа не е од заштитни причини;
- фрлање на отпадоци во коритото, на брегот или во непосредната близина на водата;
- возење со моторни чамци (освен со електрични мотори).

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- изградба на сообраќајна инфраструктура;
- менување на крајбрежната вегетација (проредување и сечење на дрвја и грумушки, засадување на бреговите и т.н.);

- внесување на животински или растителни видови во водата или на крајбрежјето;
- експлоатација на нанос, песок или калиште од крајбрежјето или од дното на коритото, изведба на помали регулациски, градежни работи (чистење на дното на определени делови и т.н.).

Забелешка:

Наведените ограничувања не важат за постојната состојба која можеби не е во склад со заштитениот режим, освен ако тоа не е во одделни примери наведено.

Дозволено е:

- возење со чамци и едрење;
- посетување и задржување (шетање, капење, сончање) околу водата доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов (во согласност со прописите за рибарство);
- научно истражувачки активности на воденатa фауна и флора.

РЗ 5: Режим на заштита за ботаничко значајни подрачја

Ограничувања:

Во ботаничко значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- менување на растителниот состав на подрачјето (отстранување или менување на вегетацијата);
- менување на водниот режим (времено или континуирано одземање или додавање вода);
- менување на составот на водата (промена на pH, количеството на органски или неоргански материи);
- отстранување на земјата или каменитата подлога на водотеците, засипување, фрлање на отпаден материјал и т.н., менување на киселоста или алкалноста на почвата;
- ископување, берење, оштетуваат или кршење на растенијата, или уништување на вегетациските формации кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- собирање на семиња и плодови на растенијата кои се предмет на заштита;
- други активности на постојниот локалитет кои имаат штетно влијание врз растенијата или вегетациските формации, кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- изведување на мелиорациски или регулациски активности кои ќе имаат негативно влијание на потесното подрачје;
- загадување на површински или подземни води;
- загадување на воздухот со прашина и загадувачки супстанции.

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- земање на примероци од природните богатства (растенија, нивните семиња или плодови) за научно-истражувачки и воспитно образовни цели.

Забелешка:

За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното

истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

Дозволено е:

- стопанско искористување на природните богатства, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита (косење, пасење, обработка на земја, шумско искористување и т.н.);
- лов, доколку не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов, доколку не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- посета на локалитетот и фотографирање на растенијата, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита.

РЗ 7: Режим на заштита за зоолошки значајни подрачја

Ограничувања:

Во зоолошки значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- изведување на активности кои ќе предизвикаат промени во животните услови на потесното подрачје (отстранување на вегетација или промени во вегетациската структура, изведување на земјени работи, отстра
- нување на каменести или земјени подлоги, промени на нивото на површинските и подземните води, фрлање на отпад и друго);
- собирање, ловење на животни (возрасни примероци или нивните развојни форми);
- оштетување или уништување на гнезда или места каде што животните се размножуваат или здружуваат;
- изведување на активности кои предизвикуваат бучава и вибрации;
- вештачко осветлување на животните, нивните гнезда, живеалишта, засолништа и места каде што се хранат или размножуваат;
- други штетни влијанија на животните кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- изведување на мелиорациски или регулациски активности кои ќе имаат негативно влијание на потесното подрачје;
- загадување на површинските и подземните води;
- загадување на воздухот со прашина и загадувачки супстанции.

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- земање на примероци од природните богатства за научно-истражувачки и воспитно образовни цели.
- набљудување, фотографирање или снимање на животните.

Забелешка:

За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

Дозволено е:

- стопанско искористување на природните богатства на подрачјето, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита (косење, пасење, обработка на земја, шумско искористување и т.н.);

- лов, доколку не се однесува на видовите кои се предмет на заштита и доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов, доколку не се однесува на видовите кои се предмет на заштита и доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита.


Доколку се потврди дека урбанизацијата на просторот може да предизвика нарушување на биолошката и пределската разновидност на подрачјето, потребно е да се почитуваат режимите на заштита на подрачјето согласно одредбите пропишани во Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ", број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро ("Службен весник на СРМ" бр.45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и 62/93), како и заштитната категорија и режимите за заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.

Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион ("Службен весник на СРМ" бр.75/10), како и одредбите на Конвенцијата на UNESCO и документите донесени од органите на оваа организација.

Доколку при изработка на Генералниот урбанистички план за град Струга или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Светско природно и културно наследство во Охридскиот регион



Граница на УНЕСКО (согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион-Сл.в. на РМ, бр.75/2010)

Заштита на културното наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р.Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, за потребите на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, кој е разработка на Просторниот план на Република Македонија, изготви Заштитно конзерваторски основи за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

Охридско - преспанското подрачје изобилува со исклучително богати слоеви од културно наследство, напластени од најдалечното минато, праисториски населби,споменици од античкиот и византискиот период,бројни цркви и манастири од средновековието,богатство на локални традиции,обичаи, архитектура и уметнички дела.

На просторот на Охридско-преспанскиот регион вкупниот број на досега заштитени недвижни добра, односно добра со заштитен статус на културно наследство изнесува 237, од кои најголем број се објекти од старограднска архитектура 133.

Планскиот опфат на ГУП Струга навлегува во КО Струга, КО Калишта, КО Мислешево, КО Мороишта, КО Радолишта и многу мал дел во КО Дрслајца. Врз база на заштитно - конзерваторски основи, утврдено е значајно културно наследство на предметните подрачја и тоа :

За подрачјето на КО Струга:

(цркви и манастири регистрирани со решение)

1. *Св. Ѓорѓи, Струга, КП 1780, бр. на централен рег. 101.*

(незаштитени археолошки локалитети кои теба да се валоризираат)

1. *Археолошки локалитет "Дупен Камен", Струга, хеленистичко време;*
2. *Археолошки локалитет "Струга", Струга, хеленистичко време, римско време и среден век;*
3. *Археолошки локалитет "Устие на Дрим", Струга, неолит и енеолит.*

За подрачјето на КО Мороишта:

(незаштитени археолошки локалитети кои теба да се валоризираат)

1. *Археолошки локалитет "На Гробишта", с. Мороишта, среден век, некропола;*
2. *Археолошки локалитет "Св. Спас", с. Мороишта, среден век, црква и некропола.*

За подрачјето на КО Мислешево:

(незаштитени археолошки локалитети кои теба да се валоризираат)

1.Археолошки локалитет "Пречиста", с. Мислешево, среден век,црква и некропола;

2.Археолошки локалитет "Св. Климент", с. Мислешево, среден век,црква и некропола.

За подрачјето на КО Калишта:

(цркви и манастири регистрирани со решение)

1. *Св. Атанас, с. Калишта, 14-15 век;*
2. *Манастир Успение на Св. Богородица, с. Калишта 15 век.*

(незаштитени археолошки локалитети кои теба да се валоризираат):

1. *Археолошки локалитет "Калишта", с. Калишта, енеолит, населба;*
2. *Археолошки локалитет "Краста", с. Калишта, римско време, утврдување;*
3. *Археолошки локалитет "Лозја-Гузелица", с. Калишта, доцна антика, осамен објект;*
4. *Археолошки локалитет "Манастир Св. Богородица", с. Калишта, римско време,осамен наод;*
5. *Археолошки локалитет "Св. Никола", с. Калишта, среден век, црква и некропола.*

За подрачјето на КО Радолишта:

Археолошки локалитет (регистриран со Решение)

1. *Археолошки локалитет "Циганski Гроб", с. Радолиишта, (ранохристијанска базилика).*

(незаштитени археолошки локалитети кои теба да се валоризираат):

1. *Археолошки локалитет "Камен Мост-Опале", с. Радолиишта, железно време и неолит, населба и некропола;*
2. *Археолошки локалитет "Радолишта", с. Радолиишта, доцна антика, населба;*
3. *Археолошки локалитет "Циганski Гробишта", с. Радолиишта, старохристијанско време и ран среден век, базилика и некропола.*

За подрачјето на КО Дрслајца:

1. *Археолошки локалитет "Дрслајца", с. Дрслајца, римско време, осамен наод.*

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарските општини, се евидентирани следните локалитети:

КО Струга – *Дупен Камен,* некропола од хеленистичкото време откриена на западниот крај на местото на поранешната железничка станица, покрај патот Струга – Елбасан. *Струга,* населба и некропола од хеленистичкото и римското време и средниот век. *Устие на Дрим,* наслеба од неолитското и енеолитското време лоцирана кај истекот на Црн Дрим од Охридското Езеро.

КО Мороишта: *На Гробишта,* средновековна некропола, во непосредна близина на селското училиште се откриени гробови градени од камени плочи; *Св.Спас,* средновековна црква и некропола, на околу 1km. источно од селото се откриени темели од еднокорабна црква.

КО Мислешево: *Пречиста,* средновековна црква и некропола североисточно од училиштето и во непосредна близина на локалитетот Св. Климент. *Св. Климент,* средновековна црква и некропола на околу 1 km североисточно од училиштето.

КО Калишта: *Калишта*, населба од енеолитско време, *Краста,* утврдување од римско време, јужно од селото, на висок рид; *Лозја-Бузелица,* осамен објект од доцноантичко време, на западната страна од селото;*Манастир Св. Богородица,* осамен наод од римско време; *Св. Никола*, средновековна црква и некропола, на околу 500-800 m. јужно од селото откриена е еднокорабна црква, а окоу неа гробови градени од камени плочи.

КО Радолишта: *Камен Мост-Опале,* населба од неолитско и некропола од железно време, на околу 1,5 km. североисточно од селото биле откриени повеќе гробови; *Радолишта,* населба од доцноантичко време, на источната периферија на селото, пронајдени се монети; *Цигански Гробишта,* старохристијанска базилика и раносредновековна некропола, се наоѓа на источната страна на селото.

КО Дрслајца: *Дрслајца,* осамен наод од римско време, од атарот на селото потекнува горен дел од надгробен споменик од мермер.

Според Просторниот план на Р. Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се одреди точната позиција на утврдените ***локалитети со културно наследство*** и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање(„Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18) културното недвижно наследство во просторните и урбанистички

планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот претставува отворена можност за учество на чинители кои имаат заеднички интереси и интеракциски односи. **Туризмот во Охридско-Преспанскиот регион претставува дејност од посебен интерес**.

Ваквиот приод подразбира дека општата интегративна заложба во креирањето на туристичкиот развој и организацијата на туристичките простори во рамките на Охридско-Преспанскиот регион ќе се темели и на усвоените просторни решенија во сферите кои се во непосредна врска со туристичкиот развој.

Појдовна основа на концептот за развој на туризмот и организација на туристичките простори претставува значењето на природното и антропогеното наследство. Туризмот има битна улога во унапредувањето и витализацијата на просторните ресурси. Положбата на регионот ги отвора можностите во поглед на контактноста, транзитноста и поливалентноста. Важна појдовна основа е и недоволната застапеност на туристичките потенцијали на туристичкиот пазар, како и конјуктурата на туристичката посетеност.

Развојот на туризмот во овој регион се темели на природните и антропогените фактори кои во локациска смисла овозможуваат издржана диференциација на посебни видови туризам и соодветни активности.

Овој регион е туристички најатрактивен во Р Македонија.

Сместувачките капацитети во првите пет години треба да го достигнат нивото од 1990 година. Тоа значи со годишен пораст од 3,5%, бројот на легла во 2020 год. ќе изнесува 80.000.

Во рамките на туристичката регионализација на Република Македонија, **Охридско-Преспанскиот регион е дефиниран како еден од 10-те туристички региони, кој е особено значаен поради тоа што има и меѓународен карактер.**

Систематизацијата на туристичките просторни единици, базирана на предложената регионализација во Просторниот план на Република Македонија, е подетално разработена согласно просторната распределба на туристичките зони и локалитети. Со Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион утврдени се следните туристички зони: Зона Преспа, Зона Преспа II, Зона Дебарца, Зона Галичица, Зона Дримско-Глобочишка, Зона Јабланица, **Зона Струга** и Зона Охрид.

Предметната локација припаѓа на Зона Струга со 11 туристички локалитети и е дел од простори коишто имаат меѓународно туристичко значење. Туристичката понуда на овој локалитет дава можности за развој на градски, културо-наследствен, езерски, риболовен и речен туризам.

Туристичкиот развој подразбира зачувување на животната средина затоа што не е можен туристички развој во средина во која се нарушени односите во еко-системите.

Со оглед на тоа што поголем дел од туристичките локалитети просторно се сместени во крајбрежните појаси на езерата, активностите во нив треба да се усогласат со режимите и мерките за заштита кои се дефинирани за појасите од 300, 500 и 1000 метри оддалеченост од бреговата линија. Тие произлегуваат од определбите на националната, меѓународната регулатива, особено од

препораките на УНЕСКО. Според тоа, уредувањето на овие простори треба да се базира на сеопфатно истражување и анализа и планските решенија со интегрирана стратешка оценка на влијанија, односно оценка на влијанија врз животната средина.

Туризмот мора да го заштитува просторот од другите некомплементарни активности со кои доаѓа во просторна колизија, но исто така и од самиот себе, за да го зачува основниот ресурс на кој го темели својот развој. Еден од најважните начини на контролирање на просторниот развој на туризмот е по пат на утврдување на носечкиот капацитет на туристичкиот простор.

Сместувачките капацитети на крајбрежјата на Регионот треба да се проектираат во рамките на 65000 легла, а имајќи ги предвид капацитетите на плажите и другите просторни содржини, вкупниот број на легла треба да изнесува 80 000.

Трговија и занаетчиство

Развојот на трговијата и занаетчиството е во интерактивна спрега со динамиката на развој на вкупната економија и процесот на урбанизација како на градските средини така и на руралните населби. Со процесот на трансформација на економскиот систем врз пазарни основи остварен е подем на приватното претприемништво. Се отвараат нови приватни фирми во областа на трговијата и занаетчиството, кои според карактерот на дејноста претставуваат потенцијал за поефикасно вршење на услугите и задоволување на потребите на корисниците на услуги.

Економскиот развој, стопанската и инвестициона активност во производниот сектор и повисокото ниво на животниот стандард на населението во наредниот период ќе претставува предуслов за развој на овие услужни дејности, нивна надградба и повисок стандард и квалитет на услугите што ги нудат.

Концепцијата за развој и разместеност на трговската и занаетчиска дејност во рамки на Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион предвидува лоцирање на трговски и услужни центри и помали објекти во урбаните средини, на главните влезни и излезни правци од градовите Струга и Охрид, по должината на главните градски трговски улици, во близина на атрактивните туристичко-рекреативни локалитети придружени со комплементарни содржини и особено промовирањето на традиционалните занаети карактеристични за руралните средини.

Развојот на овие дејности според концептот на Регионалниот план ќе биде насочен кон **сите простори со комплементарни функции каде што постојат можности за нивно лоцирање во согласност со основните принципи на пазарно работење, одржлив развој и заштита на животната средина.**

При изборот на конкретни локации за организација на терцијарните дејности основен принцип е доближување на продажниот простор и други услуги до корисниците за кои е наменета услугата, концентрација и специјализација на објектите (трговски и услужни), **проширување на асортиманот на стоките и услугите и современа организација на пласманот и продажбата.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план на град Струга, Општина Струга, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.**

Простори со висок степен на загрозеност од воени дејства се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Индиректно загрозени простори од воени дејства се ридско-планински и субпланински простори, кои се наоѓаат во непосредна близина на просторите со висок степен на загрозеност (самите не се директно изложени на борбени дејства) или во близина на просторите за формирање слободна територија, поради што се погодни за принуден и повремен престој на борбените единици, евакуираното население и др.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата на РМ со подзаконски акт.

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко- хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на Република Македонија, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Струга.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион,** како негова разработка, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- Државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- Енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- Градежните објекти важни за државата;
- Капацитетите за користење на природните ресурси.
- Намената и користењето на површините;
- Основите на долгорочната политика на урбанизација;
- Мрежата на големата инфраструктура;
- Определбите за заштита на животната средина, природното и културното наследство.

Во однос на намената на површините, определбите на Просторниот план на Државата и Просторниот план на Регионот се:

- При изработка на урбанистичките планови на населбите, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните урбани опфати, а надвор од овие рамки за исклучително оправдани цели и потреби, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);
- Изградбата на викенд зони, стопански зони, земјоделски и други објекти со специфични намени да се насочува кон подрачја кои со планови и програми на општините ќе бидат определени за тие цели;
- Просторите во близина на пороите да се исклучуваат од зони за изградба на објекти и истите да се заштитуваат од можните излевања и наноси со предвидување на заштитни зелени површини.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој;
- рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација;
- насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Генерален урбанистички план на град Струга, Општина Струга.

Планскиот опфат на ГУП Струга навлегува во КО Струга, КО Калишта, КО Мислешево, КО Мороишта, КО Радолишта и многу мал дел во КО Дрслајца. Во граници на планскиот опфат се планираат содржини во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Површината на планскиот опфат за која се бара издавање на услови за планирање на просторот изнесува 866,19 ha.

Површината на планскиот опфат за која се издаваат условите за планирање на просторот изнесува 856,06 ha. За останатиот дел од планскиот опфат се издадени Услови за планирање на просторот кои целосно или делумно навлегуваат во границите на планскиот опфат на ГУП Струга и тоа:

Y11512 - Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување на КП бр.1736/6, КО Мислешево, Општина Струга

Y16210i – Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на комплекс со намена Б2 – големи трговски единици, на КП 2825/17, КП 2825/13, КП 2825/12, КП 2825/11, КП 2825/10, КП 2825/3, КП 2825/7, КП 2825/14, КП 2825/5 и КП 2825/16, м.в. Попово Блато, КО Струга, Општина Струга.

Y00717 - Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со намена Г2 – лесна индустрија, на КП 2356/2, КО Мислешево вон г.р., во Општина Струга

Y00717ii - Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со намена Г2 – лесна индустрија, на КП 2356/2, КО Мислешево вон г.р., во Општина Струга

Y30716 - Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А4 – времено сместување, м.в. Пашиниште, КО Мислешево, вон г.р., Општина Струга

Y05217 - Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за вон населено место за изградба на објекти со намена А4-времено сместување, Б5-хотелски комплекси и В2- здравство и социјална заштита, КО Калишта, Општина Струга

Y08117 - Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со намена Д3 – спорт и рекреација на дел од КП 3217/1 и дел од 3217/2, КО Струга Општина Струга

Y11317 Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација со намена А1 – домување во

станбени куќи, на КП 2006/1, КП 2011, КП 2012/1, м.в. Шубров рид, КО Мислешево вон г.р., Општина Струга

Y23709i - Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план за вон населено место за изградба на стопански комплекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, Г3 - сервиси и Г4 – стоваришта на дел од КП 1143/1, дел од КП 1559/2, КО Враништа-вгр и дел од КП 2828, КО Струга, Општина Струга

Y32014 - Услови за планирање на просторот за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат од село Мислешево до село Драслајца, Општина Струга

Y01917 - Државна урбанистичко-планска документација за изградба на придружно услужен објект на регионален пат р-1208, со намена А4-времено сместување, м.в. Крај езеро, КО Струга Општина Струга

Y10617 - Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на производен комплекс со намена Г2 - лесна индустрија, на дел од КП 1283/3, м.в. Мера, КО Мороиште, Општина Струга

Y11008 – Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место, за изградба на стопански комплекс, на КП 4115, КП 4114, КП 4113/2, КО Мислешево, Општина Струга

При изработка на планската документација за Генерален урбанистички план на град Струга, Општина Струга, да се земат предвид намените во просторот за кои веќе се издадени Услови за планирање на просторот.

Низ планскиот опфат на ГУП Струга, поминуваат траси на линиски објекти за кои се издадени услови за планирање на просторот и тоа:

Y22212 - Услови за планирање на просторот за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на инфраструктурни објекти надвор од ТИРЗ “Струга” во Општина Струга

Y08808 - Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за коридор - 8 делница: К. Паланка - Куманово; Гостивар - Кичево - Подмоље - Струга - Ќафасан и Подмоље - Охрид

Y13609 - Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичко планска документација за изградба на железничка пруга од коридор 8, Кичево-граница со Р Албанија

Y10413 - Услови за планирање на просторот за изработка на Проект за инфраструктура за 400 kV интерконективен надземен вод ТС Битола-Македонско Албанска граница и трафостаница 400/110 kV Охрид

Y32107 - Услови за планирање на просторот за поставување на подземна инфраструктура за оптички кабел на градбата: полагање и монтажа на оптички кабел на релација Скопје - Ќафасан

Планскиот опфат на ГУП Струга влегува во граници на заштитната зона на аеродромот во Охрид.

Планскиот опфат влегува и во граници на просторот кој е предмет на разработка во Просторниот план на Охридско - преспанскиот регион и во граници на подрачјето кое е под заштита од UNESKO.

На 11.02.2010 година, Собранието на Република Македонија го донесе Просторниот план на Охридско - преспанскиот регион. Просторниот план на Охридско - преспанскиот регион претставува разработка на Просторниот план на Република Македонија. Во таа смисла, а поради потребата од усогласување на планските решенија, временскиот хоризонт на овој регионален просторен план е детерминиран до 2020 година.

Просторниот план е еден од основните инструменти за имплементација на принципите на одржливиот развој преку планските решенија за организација, заштита и уредување на просторот, во услови на комплексна социополитичка и економска трансформација на општеството и нагласена грижа за заштита на животната средина. Планот претставува долгорочен, интегрален, развоен документ, кој ја дефинира просторната организација на Регионот, целите и концепциите на просторниот развој на одделни области и условите за нивна реализација.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Р Македонија, и со Просторниот план на Охридско - преспанскиот регион.

При изработката на Генерален урбанистички план за Град Струга Општина Струга, треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија и со Просторниот план на Охридско - преспанскиот регион.

Економски основи на просторниот развој

- **Организацијата**, намената и функциите на производните и услужни дејности во просторот на Охридско - преспанскиот регион треба да се темели на новиот пристап на плански развој поставен врз принципите на одржлив развој со што примарен станува квалитетот на животното опкружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси;
- **При изработката и реализацијата на ГУП за Градот Струга, согласно Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, треба да се почитуваат предложените плански определби за заштита на животната средина и одржлив развој.**
- **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат на Градот Струга.**

Користење и заштита на земјоделското земјиште

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Големоезерскиот реон поделен на 3 микрореони.**
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Шуми и шумско земјиште

- Со цел да се отпочне реверзибилен процес, на враќање на шумата во терените каде таа некогаш постоела, и да се остварат оптимални користи од земјиштето и биолошките капацитети во шумарството, неопходно е: навремено изведување на одгледувачките и обновителните зафати со однапред одреден годишен изведбен план и програма; апсолутна предност да се дава на површините со изразена ерозија и терените во непосредните сливови на вештачките акумулации; пошумувањето на голините со автохтони видови на дрвја, особено околу изворите на вода предвидени за каптирање и да се врши пошумување на голините и земјоделските површини, покрај фреквентните патишта, заради заштита од зголемениот степен на загаденост.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- За квалитетно и долгорочно водоснабдување на градот потребно е околу изворникот да бидат дефинирани заштитни зони и режим на заштита во зоните. Исто така потребна е синхронизирана изградба на водостопански објекти и рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем и ревитализација и модернизација на водоснабдителниот систем;
- Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на површинските и подземните води. За таа цел потребно е да се спроведува принципот на “заштита на квалитетот на водите на самите извориште на загадување” преку изградба и прифаќање на отпадните води во сепарациски канализациски систем. Отпадните води од Градот пред испуштање во реципиентот се подложени на третман во постоечката пречистителна станица, но доколку во границите на планскиот опфат на градот постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализацискатa мрежа во градот, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализацискатa мрежа.
- Заради значењето и важноста на Охридското Езеро како споменик на природата, секој субјект во сливот на Езерото е должен да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат негативни ефекти и ризици за човековото здравје и за животната средина.

  Реката Сатеска, која се одликува со голема ерозивност, предизвикува загадување на Охридското Езеро и опасност од големи води во Струшко Поле. За да се елиминираат негативните влијанија потребно е да се превземат антиерозивни мерки, односно потребно е пренасочување на Сатеска кон Црн Дрим и изградба на 8 мали акумулации во сливот на Сатеска, првенствено во зоните на жариштата на ерозивните процеси.
- При изработката на урбанистичко планската документација за Градот потребно е да се обезбеди заштитен појас покрај Езерото и реките Црн Дрим и Сатеска согласно позитивната законска регулатива.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Во планскиот опфат на ГУП Струга, Општина Струга лоцирани се постојните трафостаници: ТС Струга 110kV и ТС Струга 35kV а минуваат и припадните преносни и дистрибутивни далноводи заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува "Правилник за технички нормативи за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1kV до 400kV".
- Планскиот опфат на ГУП Струга, Општина Струга нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.
- За електроенергетските корисници во градот Струга потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- Согласно хиерархиската мрежа на населби и дефинираниот централитет во ППРМ, градот Струга, спаѓа во категоријата на центри на микрорегион, со популациска големина под 30.000 жители,со застапеност на јавни функции, функции на општествен стандард и услуги, засатапеност на производни стопански капацитети со гравитациско влијание на најмалку две општини.
- Неопходно е почитување на определбите на Просторниот план во однос на дестимулација на проширување на градежното земјиште од една и поефикасно и порационално искористување на постојната ангажирана површина од друга страна.
- **Стимулирање на изградба во постојните граници на градското градежно земјиште, преку примена на еколошки и економски мерки и планерски нормативи и стандарди.**
- Респектирање и обновување на идентитетот на градските населби и квалитативно подобрување на условите за живеење и работа преку: оптимализација на густините во станбените и работните зони, респектирање на постојната урбанистичко - архитектонска матрица, интерполирање на неопходни00 содржини кои не се во колизија со основните функции, екипирање со елементи на комуналната инфраструктура, зголемување на зелените површини и елиминирање на колизионите фактори.

Домување

- Основна определба на станбената изградба во областа на домувањето за **Генералниот урбанистички план за Град Струга Општина Струга**, во планираниот период треба да биде реализација на зацртаните цели на концепцијата на домувањето во зависност од потребите и економските можности.
- Проекцијата на потребниот станбен простор за селото во планскиот период треба да се заснова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20 - 25 m^2/жител станбена површина, 40 - 80 m^2/стан (оптимална големина), 100 % опременост на станот со инсталации и потполно елиминирање, односно замена на субстандардниот станбен фонд.

Јавни функции

- Организација на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, да поаѓа од постојната мрежа на јавните функции со запазување на пропишаните стандарди и нормативи согласно ППРМ, а под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе се развива во согласност со економските, институционалните и другите промени кои се во тек.

Индустрија

- Од аспект на просторното уредување во наредниот плански период неопходни се организациски и структурни промени насочени кон воспоставување **поголема рационалност во користењето на расположивиот простор за стопанска намена**, набавка на модерна технологија, воведување на ефективна организација и раководење, освојување нови пазари и протежирање на незагадувачки индустрии со компаративни предности во Регионот;
- Расположивите показатели за развојот и разместеноста на индустриските капацитети во Регионот кој се карактеризира со богата хидрографија на сливно подрачје и обележје на туристички простор со национално и меѓународно значење, упатуваат на потребата за воспоставување превентивен пристап во заштитата на животната средина, особено поголем степен на заштита на квалитетот на водите во Регионот. **Превенцијата ќе биде насочена на изборот за видот на индустрискиот капацитет согласно законската регулатива за влијанијата врз животната средина и воведување перманентен мониторинг за еколошките влијанија на постојните производно-технолошки процеси на индустриските капацитети лоцирани во Регионот;**
- Со Регионалниот просторен план се предвидува обезбедување простор за алокација на капацитети со производна и комплементарна дејност во рамки на:
  - постојните и идни простори предвидени со планска урбанистичка документација (генерални урбанистички планови, урбанистички планови за населени места, урбанистички планови за стопански комплекси вон населени места итн.)
  - Дистрибуција на стопанските активности, пред сé индустриските и на нив комплементарните со проширување на постојните индустриски зони или оформување на нови простори за стопанска намена со помали површини за локација на дисперзирани погони или мали стопански комплекси. Во **Општина Струга** локации со ваква намена се планираат на атарот на населеното место Мешеишта и Издеглавје и на подрачјето на атарите на селата Радолишта, Делогожди и Луково.
- При утврдувањето на идните нови површини за стопанска намена, со урбанистичката документација од пониско ниво, треба да се земат во предвид и сите останати чинители кои ја условуваат локацијата на индустријата и сервисите како што се зоните за заштита, заштитата на природните вредности, развиеноста и снабденоста со инфраструктура, поединечните и општи интереси на инвеститорот, развојните економски програми на градовите и општините и сл.

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  А2 - (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар-Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан).
- Релевантните регионални патни правци за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегуваат во групата на **регионални патишта "Р1"** и **"Р2"** и се со ознака:

  Р1201 – (Струга-врска со А2 -Дебар-врска со Р-1202);

  Р1208 - (Охрид-врска со Р1301-Подмоље-врска со А3-Струга-Радожда);

  Р-2243 - (Струга-врска со Р1201- Дрслајци-Долно Татеши-Мислодежда-Локов-Буринец-врска со Р1201).
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).
- При планирање на локацијата да се почитува **Законот за железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија" број 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18) и **Законот за сигурност во железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија" број 48/10 и 23/11 и 53/11, 158/11 и 137/13 и 163/13 и 42/14 и 166/14, 147/15, 193/15, 31/16, 52/16, 63/16, 71/16, 35/18 и 64/18).
- Предметната локација се наоѓа во заштитната зона **на аеродромот "Св. Апостол Павле" во Охрид.**
- **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Низ планскиот опфат на ГУП Струга, Општина Струга минува трасата на оптичкиот кабел Кичево – Струга - Охрид заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Генерален урбанистички план за град Струга, Општина Струга, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на**

животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

- Да се зачуваат природните предели, амбиенти и пејзажи во просторот заради негување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата на значајни видови и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Богато хортикултурно уредување на објектите со заштитно и украсно зеленило, со минимални неопходни интервенции во постојниот растителен фонд.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.
- Се препорачува објектите во планскиот опфат да ги исполнат условите за здобивање со еколошка ознака.

Заштита на природното наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија просторот кој е предмет на разработка на Генералниот урбанистички план за град Струга, Општина Струга е во непосредна близина односно на самото крајбрежје на заштитениот споменик на природата Охридско Езеро.**
- **Доколку се потврди дека урбанизацијата на просторот може да предизвика нарушување на биолошката и пределската разновидност на подрачјето, потребно е да се почитуваат режимите**

на заштита на подрачјето согласно одредбите пропишани во Законот за заштита на природата (“Службен весник на РМ”, број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро (“Службен весник на СРМ” бр.45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и 62/93), како и заштитната категорија и режимите за заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион.

- **Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (“Службен весник на СРМ” бр.75/10), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа организација.**
- Доколку при изработка на Генералниот урбанистички план за град Струга или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- **Согласно податоците од Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион кој е разработка на Просторниот план на Република Македонија и Археолошката карта на Р Македонија на подрачјето на катастарските општини Струга, Мороишта, Мислешево, Калишта, Радолишта и Дрслајца, има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата.**
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точна локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Бидејќи предметот се однесува на **подрачје заштитено од UNESCO** вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно член 71 од Законот за заштита на културно наследство). Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04,

115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Во рамките на туристичката регионализација на Република Македонија, **Охридско-преспанскиот регион** е дефиниран како еден од 10-те туристички региони, кој е особено значаен поради тоа што има и **меѓународен карактер**.
- **Предметната локација припаѓа на припаѓа на Зона Струга со 11 туристички локалитети и е дел од простори коишто имаат меѓународно туристичко значење. Туристичката понуда на овој локалитет дава можности за развој на градски, културо-наследствен, езерски, риболовен и речен туризам.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Трговија и занаетчиство

- **При изработката и реализацијата на ГУП за Градот Струга треба да се почитуваат планските определби од "Просторниот план на Република Македонија" и "Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион" во областа на развојот и разместеноста на трговијата и занаетчиството.**
- Развојот на овие дејности според концептот на Регионалниот план ќе биде насочен кон **сите простори со комплементарни функции каде што постојат можности за нивно лоцирање во согласност со основните принципи на пазарно работење, одржлив развој и заштита на животната средина.**
- При изборот на конкретни локации за организација на терцијарните дејности основен принцип е доближување на продажниот простор и други услуги до корисниците за кои е наменета услугата, концентрација и специјализација на објектите (трговски и услужни), **проширување на асортиманот на стоките и услугите и современа организација на пласманот и продажбата.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план на град Струга, Општина Струга, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.

- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН
2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

Синтезни карти

Користење на земјиштето

Карта: A2110819

Легенда:

- граница на опфат
- река
- природно езеро и акумулација


Заштитни зони

- 300 метри
- 500 метри
- 1000 метри

- шума и шумско земјиште
- ливада
- пасиште
- земјоделско земјиште
- овоштарник
- лозје
- непродуктивно земјиште

- национален парк
- Преспа парк
- подрачје на UNESCO
- туристички локалитет
- туристички простор од меѓународно значење
- зона за експлоатација на минерали
- наводнувана површина
- наводнувана површина по 2020 г.

- транзитен коридор
- аеродром
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железница



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН
2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

Синтезни карти

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта: A2110820

Легенда:

- центар на мезорегион со специфични функции
- центар на микрорегион
- центар на просторно-функционална единица
- рурален општински центар
- граница на опфат
- општинска граница

Оски на развој

- јужна
- северна

Култура

- библиотека
- дом на култура
- музеј
- други културни манифестации

Здравство

- примарна здравствена заштита
- секундарна здравствена заштита

Образование


- основно
- средно
- високо

Социјална заштита

- дом
- детска градинка

Физичка култура

- објект на физичко воспитување во воспитно образовна институција
- објект за спорт и рекреација



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН
2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ


Сектор:
Синтезни карти

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта: A2110821

Легенда:

- граница на опфат
- општинска граница
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железница
- природно езеро
- река
- старо корито-р.Сатеска
- водостопанско подрачје
- изворište
- водоводен систем
- канализационен систем
- пречистителна станица
- одводнувана површина
- наводнувана површина
- наводнувана површина по 2020
- брана
- акумулација
- акумулација по 2020
- хидроелектрана
- мала хидроелектрана
- рудник
- трафостаница 400 kV
- трафостаница 110 kV
- трафостаница 35 kV
- далновод 400 kV
- далновод 110 kV
- далновод 35 kV
- гасоводен систем
- нафтовод АМБО



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-разработка-
ПРОСТОРЕН ПЛАН НА ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН
2005-2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

Синтезни карти

Реонизација и категоризација на просторот за заштита


Карта: A2110822

Легенда:

- граница на опфат
- општинска граница
- река
- природно езеро и акумулација
- рекултивација на деградиран простор
- интегрирано спречување и контрола на загадување
- регион за управување со животната средина
- заштита на простор со природни вредности
- заштита на земјоделско земјиште
- природен коридор
- заштитна крајбрежна зона
- Преспа парк
- заштитни зони на извори за водоснабдување

Културно наследство

- целина
- Унеско
- поединечен споменик
- заштитена археологија
- простор со режим на заштита



РЕШЕНИЕ ЗА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-15 1558/2018 од 27. 11. 2018 година
Скопје

Врз основа на член 87, став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а согласно член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), постпувајќи по барањето бр. УП1–15 1558/2018 од 16.11.2018 година на Општина Струга, министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следното:

РЕШЕНИЕ
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Струга, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план на град Струга, Општина Струга.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y13118i** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план на град Струга, Општина Струга, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Предметната локација се наоѓа во заштитената зона на аеродромот Свети Апостол Павле во Охрид. При изработка на планската документација од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконки акти кои ја допираат оваа област.

5. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потрбите на Просторниот план на Република Македонија, просторот кој е предмет на разработка на Генералниот урбанистички план за град Струга, Општина Струга е во непосредна близина односно на самото крајбрежје на заштитен споменик на природата Охридско Езеро. Доколку се потврди дека урбанизацијата на просторот може да предизвика нарушување на биолошката и пределската разновидност на подрачјето, потребно е да се почитуваат режимите за заштита на подрачјето согласно одредбите пропишани во Законот за заштита на природата, подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, како и заштитната категорија и режимите за заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско – преспанскиот регион.

4. Предметната локација се наоѓа во граници на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвенција.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Струга, врз основа на член 25, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 18291, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план на град Струга, Општина Струга.

Планскиот опфат на Генерален урбанистички план на град Струга навлегува во КО Струга, КО Калишта, КО Мислешево, КО Мороишта, КО Радолишта и мал дел од КО Дрслајца. Површината на планскиот опфат за која се бара издавање на услови за планирање на просторот изнесува 866,19 ха. Површината на планскиот опфат за која се издаваат условите за планирање на просторот изнесува 856,06 ха. За останатиот дел од планскиот опфат се издадени Услови кои целосно или делумно навлегуваат во границите на планскиот опфат на ГУП Струга.

Согласно член 25, став 7 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план на град Струга, Општина Струга, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1558/2018 од 16.11.2018 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за **изработка на Генерален урбанистички план на град Струга, со површина на планскиот опфат од 856,06 ха, Општина Струга,** и тие претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање одлучи како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изготвил: Соња Фурнациска

Одобрил: Неби Рецепи

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА СО ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА ДЕЛ ОД КП 1736/22, КО МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД, ОПШТИНА СТРУГА

ВОВЕД

Согласно член 58 став 6 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр.32/20 и 111/23), урбанистички проект (УП) може да се изработува и за поединечни градби и инфрастаруктури од државно и локално значење вон населени места за простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап.

Во таков случај УП се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

За предметниот проектен опфат се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план на Град Струга, општина Струга, со тех. бр. Y13118i од ноември 2018 година од страна на Агенцијата за планирање на просторот и е издадено Решение за Услови за планирање на просторот под арх. бр. УП1-15 1558/2018 од 27.11.20218 година од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

Изработката на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на дел од КП 1736/22, КО Мислешево-вонград, општина Струга,** е во согласност со член 59 став 6 точка 13 од *Законот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 32/20 и 111/23), како и член 58 став 3 точка 15 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) може да се уредуваат поединечни градби како што се други градби од локално значење од групите на класи на намени А, Б, В, Г, Д и Е што ги задоволуваат условите за поединечни градби.

Целта на урбанистичкиот проект е да се овозможат услови за изградба на комплекс градби со намена викенд куќи.

ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на дел од КП 1736/22, КО Мислешево-вонград, општина Струга,** се наоѓа западно од село Мислешево, во близина на градот Струга, и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација, но истиот влегува во границите на опфатот за Генерален урбанистички план на Град Струга, општина Струга, за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех. бр. Y13118i од ноември 2018 година од страна на Агенцијата за планирање на просторот.

Пристапот ќе се обезбеди од постоен пристапен пат кој се наоѓа од јужната и од северната страна на проектниот опфат.

Границите на проектниот опфат се:

- На **север** се движи низ дел од КП 1736/1, КО Мислешево-вонград,
- На **исток** продолжува да се движи по западните граници на КП 1736/77, КП 1736/78, КП 1736/57 и КП 1736/58, КО Мислешево-вонград,

- На **југ** се движи низ дел од КП 1736/1, КО Мислешево-вонград,
- На **запад** се движи по дел од границата на КП 1736/1 и по дел од западната граница на КП 1736/52, КО Мислешево-вонград.

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 1,28 Ха (12755.0455м^2), а периметарот е со должина од 548.7315м и е со следните координати на прекршните точки на опфатот:

1.	Y=7474545.1464 X=4560158.9294
2.	Y=7474546.3977 X=4560116.8700
3.	Y=7474546.4000 X=4560116.8700
4.	Y=7474546.9654 X=4560097.7934
5.	Y=7474566.3591 X=4560097.4793
6.	Y=7474580.2968 X=4560097.2593
7.	Y=7474594.1076 X=4560097.0393
8.	Y=7474621.3169 X=4560096.6093
9.	Y=7474648.0364 X=4560096.1893
10.	Y=7474673.2523 X=4560095.7816
11.	Y=7474696.6003 X=4560095.4291
12.	Y=7474748.5988 X=4560094.5893
13.	Y=7474760.9700 X=4560094.3979
14.	Y=7474760.9700 X=4560108.0500
15.	Y=7474760.9700 X=4560123.2000
16.	Y=7474760.9700 X=4560138.3500
17.	Y=7474760.9700 X=4560151.9971
18.	Y=7474739.8217 X=4560152.6829
19.	Y=7474694.8440 X=4560154.1228
20.	Y=7474649.9736 X=4560155.5628
21.	Y=7474594.3460 X=4560157.3509
22.	Y=7474573.5641 X=4560158.0180
23.	Y=7474573.5641 X=4560158.0173

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Просторот во рамки на проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на дел од КП 1736/22, КО Мислешево-вонград, општина Струга,** треба да се разработи градежна парцела со утврден простор определен со градежни линии за изградба на површини за градба на викенд куќи.

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77 став 1 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), се планира следната поединечна намена:

А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување

Во **Планскиот дел** од урбанистичкиот проект да се даде урбанистичко решение на опфатот со сите потребни урбанистички параметри и партерно решение со хортикултура.

Покрај ова, потребно е решавање и на стационарниот сообраќај. Имајќи ја во предвид предметната поединечна намена, а согласно член 134 од *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) за класата на намена А4 – ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ потребно е да се обезбеди:

„1 паркинг место на 8 легла".

Проектниот дел на урбанистичкиот проект да содржи идеен проект за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонска.


ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Потребно е да се предвиди приклучок на објектите на инсталации за водовод, канализација и електрична енергија.


ИНВЕСТИТОР
Заим Асани



Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 1736/22, КО МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД, ОПШТИНА СТРУГА



M=1:50000

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 1,28Ха

ИЗДАДЕНИ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ГУП НА ГРАД СТРУГА Y13118i

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
„КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦИ Бр. 0.095 Бр. П.352/А

НАРАЧАТЕЛИ
ЗАИМ АСАНИ

СОДРЖИНА
УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО ГРАНИЦИ НА ОПФАТ

ФАЗА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН — У

НАСЛОВ УПВОУП СО НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 1736/22, КО МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД, ОПШТИНА СТРУГА — ТЕХ.БР. 03-01/24


ПЛАНЕР
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065


СОРАБОТНИК
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА миа

УПРАВИТЕЛ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065

РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
М = 1:50000	ФЕВРУАРИ 2024	1

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 1736/22, КО МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД, ОПШТИНА СТРУГА





M=1:20000

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 1,28Ха
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД СТРУГА, 2007-2017, ОПШТИНА СТРУГА
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО МИСЛЕШЕВО
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА УПП ЗА ИЗРАБОТКА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД СТРУГА, ОПШТИНА СТРУГА
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА УПП ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО МИСЛЕШЕВО

ИЗДАДЕНИ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

- Y13118i — ПЛАНСКИ ОПФАТ ЗА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД СТРУГА, ОПШТИНА СТРУГА
- Y12809 — ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД СТРУГА, 2007-2017, ОПШТИНА СТРУГА
- Y28213 — ПЛАНСКИ ОПФАТ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО МИСЛЕШЕВО

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
„КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦИ Бр. 0.095 Бр. П.352/А

НАРАЧАТЕЛИ
ЗАИМ АСАНИ

СОДРЖИНА
ПРЕГЛЕД НА КАРТА ОД ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ СО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

ФАЗА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН — У


НАСЛОВ УПВОУП СО НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 1736/22, КО МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД, ОПШТИНА СТРУГА — ТЕХ.БР. 03-01/24


ПЛАНЕР
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065

СОРАБОТНИК
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА миа

УПРАВИТЕЛ	РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065	М = 1:20000	ФЕВРУАРИ 2024	2

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 1736/22, КО МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД, ОПШТИНА СТРУГА





M=1:1000

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 1,28Ха
- граница на катастарска парцела
- земјен пат
- ограда

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
„КОСТУРСКИ ХЕРОИ“ БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦИ Бр. 0.095 Бр. П.352/А

НАРАЧАТЕЛИ
ЗАИМ АСАНИ

СОДРЖИНА
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ФАЗА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН — У

НАСЛОВ УПВОУП СО НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 1736/22, КО МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД, ОПШТИНА СТРУГА — ТЕХ.БР. 03-01/24


ПЛАНЕР
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065

СОРАБОТНИК
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА миа

УПРАВИТЕЛ	РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065	М = 1:1000	ФЕВРУАРИ 2024	3

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 1736/22, КО МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД, ОПШТИНА СТРУГА





M=1:2500

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 1,28Ха

ЧИП ГРОУП - СКОПЈЕ
„КОСТУРСКИ ХЕРОИ" БР.15/1-01А 1000 СКОПЈЕ
ЛИЦЕНЦИ Бр. 0.095 Бр. П.352/А

НАРАЧАТЕЛИ
ЗАИМ АСАНИ

СОДРЖИНА
САТЕЛИТСКА СНИМКА - АКН

ФАЗА
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН — У

НАСЛОВ УПВОУП СО НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 1736/22, КО МИСЛЕШЕВО-ВОНГРАД, ОПШТИНА СТРУГА — ТЕХ.БР. 03-01/24

ПЛАНЕР
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065

СОРАБОТНИК
ЕЛЕОНОРА ЗДРАВКОВСКА миа

УПРАВИТЕЛ	РАЗМЕР	ДАТА	ЛИСТ
СИЛВАНА ВАНОВСКА диа овластување 0.0065	М = 1:2500	ФЕВРУАРИ 2024	4